МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

Свети Николе



Факултет за психологија

Последипломски студии по Психологија во социјална заштита

НЕГАТИВНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ НА РАЗВОДОТ НА БРАК ВРЗ ДЕЦАТА

Ментор:

Проф. д-р Мирослав Пендароски

Кандидат:

Ирена Манчевска

Битола, 2025 година

СОДРЖИНА

1. Вовед

2. Теоретски пристап кон проблемот на истражување

2.1 Дефинирање на проблемот и основните поими

2.2 Релевантни истражувања

3. Методологија на истражувањето

3.1 Предмет на истражувањето

3.2 Цел и карактер на истражувањето

3.3 Задачи на истражувањето

3.4 Хипотези

3.5 Варијабли на истражувањето

3.6 Научни методи, техники, и инструменти

3.7 Популација и примерок

3.8 Статистичка анализа на податоците,анализа и интерпретација на податоците

3.9 Организација и спроведување на истражувањето

4. Анализа и обработка на податоците

5. Користена литература

6. Прилози

1. ВОВЕД

Во модерното општество во кое што живееме најголемиот број на бракови кои што се склучуваат се склучуваат од љубов за разлика од минатото кога најголемиот број од браковите биле договорени. Тука се поставува и прашањето дали љубовта е доволна за да опстои еден брак ако во него нема комуникација, разбирање и поддршка. Партнерите често не се доволно спремни да влезат во брак, и премногу рано се остваруваат како родители, па ваквата неспремност раѓа конфликти кои партнерите не знаат како да ги решат, па разводот го гледаат како единствено решение.

Како основна клетка во општеството, семејството претставува основа за правилен раст и развој на децата, но за жал не сите деца имаат можност да растат во целосни и функционални семејства. Разводот на брак е една од основните причините за распад на семејството.

Заземајќи се поголем замав разводот на брак е веќе масовна појава која ја среќаваме секојдневно во нашето опкружување. Разводот на брак и негативните последици врз децата кај нас се уште е табу тема за која многу малку се говори. Во периодот пред развод и во текот на бракоразводната постапка, родителите често се во дилема како да им соопштат на децата за разводот, и како разводот ќе биде прифатен и како ќе влијае на нивните деца. Колку разводот на родителите има негативни последици врз развојот на децата ќе биде одговорено во ова истражување.

Родителите како решение за нефункционалниот брак најчесто го одбираат разводот, но од таквото решение најчесто страдаат децата.

Истражувањата кои што досега се направени докажуваат дека децата најголемите стресови ги доживуваат токму од разводот на брак.

Истражувањата кои што се направени до сега покажуваат дека многу ретко се случува да не се појават негативни последици од разводот на брак кај децата, а во најголемиот број разводи на брак има барем по едно дете.

Разводот на брак предизвикува такви последици врз развојот на целокупната личност на детето, кои што последици ќе го пратат во текот на целиот живот.

Статистичките податоци покажуваат дека децата жртви на развод на брак многу поретко влегуваат или воопшто не влегуваат во брак, покасно влегуваат во брак, и многу почесто се разведуваат.

Одлуката за развод на брак ја носат родителите, со што треба да бидат свесни како нивната одлука ќе влијае на нивните деца и какви негативни последици може да предизвика кај нив. Според некои истражувања нивото на стрес кој што го доживуваат родителите и децата од разводот се наоѓа на второ место, веднаш после нивото на смрт на член од семејството, така стресот е неизбежна појава како за родителите така и за децата. Кај децата се појавуваат низа на прашања, и нелагодни чувства и страв од новонастанатата ситуација, затоа цел на ова истражување е да се откријат сите негативни реакции кои се предизвикани од страна на разводот на брак кај децата.

Направените истражувања наведуваат дека негативните последици од разводот на брак зависат од возраста на детето, карактерот на детето,неговата зрелост и околностите, како и околината која го опкружува. Децата бидејќи не се сеуште доволно зрели да ги сватат промените кои што настале, промените ќе ги процесираат на различен начин и врз основ на нивното мало животно искусво можат да донесуваат заклучоци кои што за возрасните изгледаат неважно, а да бидат од клучно значење за нивниот понатамошен развој.

Многу често родителите свесно или не свесно можат дополнително да ги оптеретат своите деца со разводот, па дури и да ги користат како средство за манипулација, на тој начин дополнително отежнувајќи му го адаптирањето на децата на новонастанатат ситуација.

Во ова истражување ќе го опишам разводот на брак преку детското доживување и ќе ги докажам неговите негативни последици врз развојот на децата.

Ова истражување во голема мера ќе им служи како превентива на воспитувачите, учителите и сите оние кои што работат во воспитно образовниот процес, вклучувајќи ги и родителите, затоа што ако ги знаеме последиците кои што разводот на брак ги предизвикува кај децата полесно ќе дојдеме до начин и техники со кои што на децата на

разведените ќе им го олесниме периодот по раводот на нивните родители, на тој начин би ги минимализирале негативните последици од разводот на брак.

2. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

2.1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ И ОСНОВНИ ПОИМИ

Основните поими на ова истражување ќе бидат дефинирани во овој дел од магистерската теза, така што ќе се направи разграничување на проблемот, ќе се наведат дефиниции за негово определување и ќе се изнесат најважните поими од проблемот.

Семејството ќе биде прво дефинирано во овој дел.

Треба да се земе во предвид дека човекот се раѓа и живее во семејството, воспоставувајќи најразлични врски во кругот на семејството со што станува јасно дека семејството е најважната алка во формирањето на една личност.

Семејството претставува општествена група на лица кои што се меѓусебно крвно односно биолошки поврзани и со сродство поврзани.

Семејството е сексуална и биолошка заедница на лица од различен пол кои што создаваат и одгледуваат деца, на тој начин станувајќи и општествена категорија бидејќи со формирањето на роднинските врски тоа се инфилтрира во порите на општествената организација.

Правиот поим за семејство подразбира заедница на лица поврзани со брак и сродство било да е тоа крвно, граѓанско или сватовско, тоа претставува заедница на родителите и нивните деца, понекогаш вклучувајќи ги и поблиските роднини.

Европскиот суд за човекови права дава јасна дефиниција без разлика како секоја држава го дефинира семејството, при тоа го штити и почитува семејниот живот точно наведувајќи кои лица го сочинуваат семејството.

- Брачни и вонбрачни партнери- мажот и жената без разлика дали се во брачна или вонбрачна заедница имаат право да живеат заедно во било која држава без разлика на нивното државјанство.

- Деца: тука спаѓаат децата родени во брак и вонбрачните деца, кои имаат за право да живеат со своите родители без разлика на нивното државјанство, односно без разлика каде се родени.
- Браќата и сестрите како и бабата и дедото заедно со нивните внуци претставуваат дел од семејството

Од правен аспект се разликуваат два видови на семејство брачно семејство и вонбрачно семејство. И во двата видови семејство се вклопени два видови на односи (брачни и вонбрачни) помеѓу родителите и нивните деца.

Според големината постои мало односно нуклеарно семејство, и семејство во поширока смисла или големо семејство односно семејна задруга.

Планирањето на семејството како репродуктивна функција на семејството се остварува на повеќе начини. Во минатото се сè одвивало без никакво планирање, односно се сè сведувало на репродуктивниот нагон на човекот за покасно да се воведи некаков ред кај човекот за размножување. Денес планирањето на семејството го надминува односот помеѓу партнерите, денес и државата формира одредена политика во оваа сфера, во зависност од тоа дали се стреми кон формирање на многудетни семејства, или намалување на оваа појава, но ова е веќе надминато , денес одлуката да формираат потомство ја имаат само партнерите.

Тогаш кога детето е сакано и планирано се раѓа во семејство кое е веќе психолошки подготвено за одгледување на дете, со што е основа детето да расте сакано и среќно а односите во семејството ќе се многу поздрави и поодговорни.

Во Република Северна Македонија според Законот за семејство, семејството претставува животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство. Семејството настанува со раѓање на деца и посвојување на деца[1].

Една од првите поставки врз кои е изградено современото семејство е принципот на еднаквост помеѓу половите. Според овој принцип и мажот и жената се изедначени во своите права и обврски, како и со правата и обврските кон своите деца како родители. Од

[1] Закон за семејство на Р.С.Македонија

друга страна и децата имаат рамноправен статус без разлика на полот кон своите родители. На овој начин се дава потполна рамноправност на сите членови во семејството. Изедначувањето на правата доведува до изедначување и на обврските.

Односите помеѓу родителите и децата произлегува од биолошкиот факт, односно со раѓањето на детето, додека општествената компонента произлегува од потврдување на биолошката компонента односно докажување на татковство и мајчинство. Постојат одредени разлики при утврдување на мајчинството и татковство, во зависност од тоа дали детето е родено во брачна или вонбрачна заедница, мајчинството се утврдува со самото раѓање. Покрај природниот начин за засновање на родителски однос со раѓање, родителскиот однос може да се заснова и по пат на посвојување.

Децата имаат природно право да живеат со двајцата свои родители, законот предвидува дека децата можат да живеат одвоено од своите родители само кога тоа е од интерес на детето. Доколку детето живее само со едниот родител другиот родител има должност да одржува лични односи со своето дете. Одржувањето на односите се однесува и на другите членови од семејството односно на блиските роднини.

Според законот за семејство на Р.С. Македонија член 46 гласи: родителите имаат право и должност да ги издржуваат своите малолетни деца, да се грижат за нивниот живот и за нивното здравје, да ги подготвуваат за самостоен живот и работа, да се грижат за нивното воспитание, школување и стручно оспособување. Детето има право да биде издржувано од своите родители, да биде згрижено, да биде заштитен неговиот живот и здравје, да биде оспособено за самостоен живот и работа, да му се обезбедат оптимални услови за негово воспитување, школување и стручно оспособување, зависно од условите на семејството. Член 47 гласи: Малолетните деца имаат право да живеат со своите родители. Малолетните деца можат да живеат одвоено од своите родители само кога е тоа од непосреден интерес за децата или кога тоа е од заеднички интерес за децата и за родителите. Детето има право да одржува лични односи и непосредни контакти со родителот со кого не живее. Родителот со кого детето не живее има право и должност да одржува лични односи и непосредни контакти со своето дете. Малолетните деца имаат право да одржуваат непосредни контакти со родителите и други блиски роднини на родителот кој е умрен, на

кого му е одземено родителското право или од други причини е спречен да го врши родителското право[2].

Според начелото за рамноправност на родителите во однос на нивните, деца тие имаат должност заеднички и спогодбено да го реализираат своето родителско право. Меѓутоа со новата поставеност на Центарот за социјална работа, и нивната поактивна улога во заштита на интересите на децата тие имаат должност да ги решаваат споровите помеѓу родителите со цел да ги заштитат интересите на детето па тоа да биде доверено на чување и воспитување на други лица, или да биде сместено во соодветна установа.

Според законот за семејство во Република Северна Македонија бракот може да се разведе само со взаемна согласност на брачните другари. Ако брачните другари имаат малолетни или полнолетни деца над кои им е продолжено родителското право, потребно е да поднесат спогодба за начинот за вршење на родителските права и должности како и за издржувањето и воспитанието на децата. Судот ќе донесе одлука за развод по заемна согласност на брачните другари само ако утврди дека таа согласност ја донеле слободно, сериозно и непоколебливо.

Различни автори различно го дефинираат разводот на брак, но заедничко за сите нив е престанок на брачниот сојуз и прекин на законските одговорности кои ги носи бракот.

Во светот постојат различни закони за развод на брак но во најголемиот број од државите за да дојде до развод на брак потребно е судско одобрение или одобрение од некој друг надлежен орган во судскиот процес.

Негативните последици на разводот на брак врз децата е наслов на оваа магистерска тема воедно и проблем во ова истражување, но тоа не е доволно за да имаме правилно поставен и дефиниран проблем. За правилно да го дефинираме проблемот треба да се исполнат следниве критериуми:

- да изразува релација помеѓу две варијабли
- да е поставен во форма на прашање
- да постои можност за емпириска проверка

[2] Закон за семејство на Р.С.Македонија

Според овие критериуми поставениот проблем ќе биде допрецизиран и ќе гласи: *„што е разводот на брак и какво е неговото влијание врз децата?!“*

Во оваа магистерска теза како прва независна варијабла се јавува самиот развод на брак, а како зависна варијабла односно последица се јавуваат негативните последици кои разводот ги предизвикува кај децата. Со поставувањето на проблемот во форма на прашање имаме можност за емпириска проверка на резултатите.

Стапката на склучени и разведени бракови кај нас и во Европската Унија ќе биде прва разгледана во овој дел.

Овие статистички податоци покажуваат постојан пораст на бројот на разведени бракови и постојано намалување на бројот на склучени бракови во последните децении во однос на минатото како кај нас така и во Европската Унија.

Стапка на склучени бракови во земјите од Европска Унија е прикажано во табела број 1.[3]

Табела број 1

Држава	1964	1970	1980	1990	2000	2010	2020	2021	2022	2023
Бугарија	8.1	8.6	7.9	6.9	4.3	4.2	3.2	3.9	3.9	3.4
Чешка	7.7	9.2	7.6	8.8	5.4	4.5	4.2	4.5	5.1	4.4
Белгија	6.9	7.6	6.7	6.5	4.4	3.9	2.8	3.5	4.2	4.0
Германија	8.5	7.4	6.3	6.5	5.1	4.7	4.5	4.3	4.7	4.3
Естонија	10	9.1	8.8	7.5	3.9	3.8	4.6	4.8	5.3	4.7
Грција	8.9	7.7	6.5	5.8	4.5	5.1	2.9	3.9	4.2	3.9
Шпанија	7.4	7.3	5.9	5.7	5.4	3.6	1.9	3.1	3.7	3.5
Романија	9.0	7.2	8.2	8.3	6.1	5.7	4.2	6.0	6.2	5.8
Словенија	9.0	8.3	6.5	4.3	3.6	3.2	2.5	2.8	3.2	3.0
Финска	7.6	8.8	6.1	5.0	5.1	5.6	4.0	3.5	3.9	3.7
Шведска	7.6	5,4	4,5	4,7	4,5	5,3	3.6	3.7	4.6	4.2

(резултати од 1000 жители)

[3] https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php?title=Marriage_and_divorce_statistics
Превземено 05.09.2024 година.

Стапката на склучени бракови во Р.Македонија е прикажана во табела број 2[4]

Табела број 2

Држава	1964	1970	1980	1990	2000	2010	2020	2021
Р.С.Македонија	8,6	9,0	8,5	8,3	7,0	6,9	5.0	6,8

(резултати од 1000 жители)

Стапката на разводи во земјите од Европската Унија е прикажана во табела број 3.[5]

Табела број. 3

Држава	1964	1970	1980	1990	2000	2010	2020	2021	2022	2023
Бугарија	1.1	1.2	1.5	1.3	1.3	1.5	1.3	1.5	1.4	1.4
Чешка	1.5	2.2	2.6	3.1	2.9	2.9	2.0	2.0	1.9	1.8
Белгија	0.6	0.7	1.5	2.0	2.6	2.7	1.8	1.9	1.7	1.7
Германија	1.1	1.3	1.8	1.9	2.4	2.3	1.7	1.7	/	/
Естонија	2.5	3.2	4.1	3.7	3.0	2.2	1.9	1.9	1.9	1.9
Грција	0,4	0,4	0,7	0,6	1	0,7	/	/	/	1.5
Шпанија	/	/	/	0.6	0.9	2.2	1.6	1.8	1.7	1.6
Романија	1.9	0.4	1.5	1.4	1.4	1.6	1.2	1.4	1.2	1.2
Словенија	1,0	1.1	1.2	0.9	1.1	1.2	1.8	1.1	1.0	1.0
Финска	1.0	1.3	2.0	2.6	2.7	2.5	2.5	2.2	2.0	2.1
Шведска	1.2	1.6	2.4	2.3	2.4	2.5	2.5	2.3	2.1	2.0

(резултати од 1000 жители)

[4] https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php?title=Marriage_and_divorce_statistics
Превземено 05.09.2024 година.

[5] https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php?title=Marriage_and_divorce_statistics
Превземено 05.09.2024 година.

Во Р. Северна Македонија стапката на разводи е прикажана во табела број 4 [6]

Табела број 4

Држава	1960	1970	1980	1990	2000	2010	2020	2021
Р.С.Македонија	0.4	0.3	0.5	0.4	0.7	0.	0.8	1.0

(резултати од 1000 жители)

Од резултатите во табелата број 4 забележуваме дека имаме постојан пораст на бројот на разводи во Р.С.Македонија, односно бројот на разводи е трикратно зголемен од пред три децении, според податоците на заводот за статистика секој седми брак завршува со развод.

Просечна возраст на паровите за време на разводот е прикажана во табела број 5[7]

Возраст на сопругата	вкупно	Возраст на сопругот								
		Под 20 години	20-254	25-29	30-34	34-39	40-44	45-49	50-54	55 и повеќе
Под 20 години	14	1	9	2	2	-	-	-	-	-
20-25	151	-	48	75	25	3	-	-	-	-
25-29	262	-	7	98	106	34	13	3	-	1
30-34	314	1	1	24	123	110	43	9	2	1
35-39	310	-	2	6	17	118	110	38	13	6
40-44	273	-	-	5	10	25	82	92	44	15
45-49	189	-	-	-	5	2	14	70	64	34
50-55	112	-	1	1	1	2	4	18	31	54
55 и повеќе	140	-	-	-	-	1	2	5	11	121

(резултати од 1000 жители)

[6] https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php?title=Marriage_and_divorce_statistics
Превземено 05.09.2024 година.
[7] www.stat.gov.mk/pdf/2024/2.1.24.18_mk.pdf

Од прикажаното во табела 5 забележуваме дека најголемиот број од паровите кои што се разведуваат се на возраст од 35-39 години.

Според податоците на државниот завод за статистика во Р.С. Македонија просечното траење на бракот е од 5-9 години од времето кога бракот е склучен. [8]

Причината за намалената стапка на склучени бракови и постојаното зголемување на стапката на разведени бракови насекаде низ светот, е доволна причина да се водат голем број на истражувања и поттик голем број на автори да дадат одговор на ова прашање.

Индивидуализацијата е една од причините која истражувачите ја поврзуваат со зголемениот број на разведени вракови. Според Бавин - Легрос „поединецот станува основна клетка во општеството“ [9] , што не е карактеристично за досегашниот развој на западната цивилизација. Според него до сега поединецот секогаш бил потценет на туѓите интереси било да се тоа интересите на заедницата, на семејството, на државата, на црквата. Во втор план поединецот бил и со развојот на индустриската револуција и со развојот на брзата урбанизација, од него секогаш се очекувало да оствари „повисоки интереси“, зашто Турен вели дека „моралот на модерниот период претставува збир на правила кои треба да се почитуваат во интерес на општеството, кое не може да просперира доколку поединецот не се жртвува“. [10]

Индивидуализмот денес за разлика од минатото е веќе општо прифатен, и за многу автори причина за многу промени кои настануваат во семејството. Со прифаќањето на индивидуализмот поединецот повеќе не се потчинува на авторитетите како што се црквата или заедницата туку сопствената среќа ја бара во семејството, во децата, и во брачниот другар. Индивидуализмот во современото општество бракот не го гледа како пречка, туку ја разнишува семејната атмосфера со што личните интереси на секој член од семејството доаѓаат до преден план. Черлин смета дека „ во се поголема мера во преден план доаѓа личното и емотивно задоволство и остварувањето на среќа, дури и доколку тоа значи

[8] https://www.stat.gov.mk/pdf/2024/2.1.24.18_mk.pdf
[9] Bernadette Bawin – Legros, Families in Europe: A Private and Political Stake – Intimacy and Solidarity, Current Sociology, Vol 49 (5) 2001, стр. 50. 8 Gilles Lipovetsky, L’ère du vide, Essais sur l’individualisme contemporain, Gallimard, Paris, 1997, стр. 187.
[10] Alain Touraine, Critique de la moder- nité,Fayard, Paris, 1992, стр. 329.

судир со интересите на брачниот другар и на децата и на крајот води кон развод на бракот„[11]

Индивидуата го заменува семејството како основна клетка во општеството со што се менува природата и значењето на бракот. За разлика од минатото кога основна функција на бракот беше репродуктивната функција, заштитата, економската функција, денес емотивната функција на бракот доаѓа во преден план. Сопружниците во денешното современо општество сакаат во бракот да добијат емотивна поддршка, да ги задоволат психолошките потреби, да добијат пријателство и разбирање. Во однос на минатото денешните брачни другари од бракот бараат многу повеќе. Според Черлин „бракот е само една од многуте опции што им стојат на располагање на луѓето за моделирање на нивниот приватен живот“ [12]

Промената на улогата на жената во бракот и општеството е многу значаен фактор за глобалните промени кои влијаат врз бракот но и за се поголемиот број на разводи.

Својата рамноправност со мажот во современото општество жената ја остварува со својата правна, економска и политичка независност. Се претпоставува дека ова е еден од можните најважни фактори за напуштање на минатиот семеен модел. Со вклучувањето на жената во образовниот процес и нејзината економска активност се случува најголемата промена. Така во периодот од 1960 до 1990 година, доаѓа до големо зголемување на процентот на жени кои што се на возраст од 24 до 29 години, ова е забележано во сите европски земји. Со зголемувањето на бројот на вработени жени се случуваат и промените во семејниот живот. Во минатото потчинетоста на жената во бракот и семејството произлегувала од тоа што била економски зависна од мажот, со самото влегување во економскиот сектор таа станува и економски независна. До трансформација на односите помеѓу половите доведува и користењето на средства за контрацепција и правото на абортус, со што жената станува господар на своето тело.

Припаѓањето на определен пол и наметнува на секоја личност како треба да се однесува за да ги задоволи правилата и очекувањата на општествената заедница во која живее и

[11] Cherlin, A. J. (1992). Marriage, Divorce, Remarriage. Cambridge, London: Harvard University Press.
[12] Andrew J. Cherlin, American Marriage in the Early Twenty – First Century, Future of Children, Vol. 15, No. 2, Fall 2005, стр. 41

припаѓа. Но во сегашноста и во последните децении улогата на жената драстично е променета. Занимавањето исклучиво со домаќинство останува во минатото за денес да биде општо прифатено дека жената треба да има редовна работа и надвор од семејството со тоа и своја економска независност. Во тој поглед имаме традиционален и егалитарен став.

Најголеми шанси за опстанок на семејството според поддржувачите на традиционалниот став ќе има доколку постои јасна поделеност на работите кои треба да ги обавуваат мажите и жените.

Спротивно од нив лицата со егалитарни ставови сметаат дека и двата пола можат подеднакво добро да ги обавуваат и двете работи со што не смее да има поделба на машка и женска работа. Економското осамостојување и кариерно напредување дури и за лицата со егалитарни ставови претставува пречка во голем број на бракови.

Дестабилизирањето на стариот брачен модел е предизвикано од овие глобални промени кои се случуваат во современите бракови и семејни односи со што доаѓа до се поголем број на разводи.

Освен овие глобални промени се поголем број на разводи се случуваат поради фактори кои се одвиваат внатре во семејството. Во современото општество се поголема вредност се дава на емоционалната вредност на бракот, каде сопружниците кои се незадоволни еден од друг сметаат дека среќата ќе ја најдат надвор од бракот односно во некоја подобра врска и посреќен живот.

Може да се заклучи дека разводот има се поголема прифатеност помеѓу паровите поради тоа што бракот повеќе не треба да е само функционален, напротив секој од партнерите во бракот треба да ги задоволи и своите емоционални потреби. Поради ова многу од партнерите кои не се задоволни од своите очекувања во бракот пристапуваат кон развод надевајќи се дека надвор од бракот ќе најдат подобри емоционални задоволства.

Причини кои можат да доведат до развод на бракот се и оние кои се случуваат внатре во семејството, такви се: предбрачна бременост, ниско образование, семејно насилство

(физичко насилство, психичко насилство, економско насилство), депресија, економската состојба, алкохолизам и други видови на зависност.

Причините кои доведуваат до развод на бракот, се различни и многубројни и не е можно да се набројат само некои од нив. Некои од причините се чувството на нетрпеливост помеѓу брачните другари, семејното насилство во брачната заедница, и тоа не само физичко насилство, туку и психичко насилство, психолошко насилство, економско насилство, и сексуално насилство, состојбата на подреденост во која се наоѓа едниот брачен другар, ситуации на неверство, социјалните и економски прилики на семејството, потребата од развод на бракот заради остварување на права од социјална природа, државјанство, неизвршување на родителските и семејните обврски во однос на поделбата на обврските во домот помеѓу брачните другари, борбата за финансии и занемарување на семејството, и др..

Често пати бракот претставува „затвор„за сопружниците па тие единственото решение од ваквата ситуација го гледаат во разводот на брак.

Постапката за развод започнува со предлог за спогодбен развод или со тужба на едниот брачен партнер до надлежниот суд. Законот за семејство предвидува два начини за поведување на постапка за развод на брак .

Спогодбен, кога и двајцата партнери се согласни да се разведат, кои што се договориле во однос на вршењето на родителските права и должности во врска со воспитанието и издржувањето на децата. Брачните партнери поднесуваат предлог за спогодбен развод на бракот до судот, потоа на рочиште судот одлучува за развод на бракот доколку утврди дека и двајцата партнери ја донеле одлуката за развод слободно,цврсто и непоколебливо.

Доколку не постои взаемна согласност за развод, едниот брачен партнер поднесува тужба. Според Законот за семејството постојат две причини поради кои може да се разведи бракот по пат на тужба. Првата е поради тоа што брачните односи помеѓу партнерите се нарушени и заедничкиот живот е неподнослив, и втората причина поради која може да се

разведе бракот е поради тоа што настанал прекин на брачната заедница подолг од 1 година[13].

Доколку туженият брачен партнер не ги оспори причините за тужба на другиот брачен партнер судот донесува одлука за прекин на бракот веднаш, освен доколку судот треба да одлучи по мислење на центарот на социјални работи за одгледувањето, издржувањето, и воспитувањето на децата.

Кога постои постапка за развод, а партнерите имаат заеднички деца кои се малолетни или деца со продолжено родителско право , потребно е да бидат уредени некои прашања за издршка и лични контакти помеѓу родителите и децата.

Во ваков случај судот го препраќа предметот до центарот за социјални работи.

Одлуката за тоа со кој ќе живеат децата, и кој ќе плаќа издршка за децата ја носи судот во соработка со центарот за социјални работи, тие носат одлука и за непосредните контакти со родителот со кој што не живеат децата.

Кога разводот е спогодбен, брачните другари во спогодбата ги наведуваат и прашањата околу нивните деца. Спогодбата ја испитува ЦСР, и доколку одлучи дека е во интерес на децата му предлага на судот да постапи врз основ на спогодбата.

Доколку брачните партнери не успеат да направат спогодба околу одгледувањето и воспитувањето на децата, како и за одржувањето на лични контакти со детето, тогаш одлуката за тоа ја носи ЦСР. Оваа одлука ЦСР ја носи врз основ на одредени материјални и социјални прилики на родителите, водејќи грижа да се заштитат интересите на детето.

Од сето погоре наведено можеме да заклучиме дека до општата прифатеност на разводот и до се поголем број на разводи како кај нас така и во светот се доаѓа поради глобалните промени и промените кои се случуваат внатре во семејството.

Разводот на брак не е само раскинување на врската помеѓу двајцата партнери туку процес со кој се опфатени сите членови од семејството, што значи последиците од разводот ги

[13] Закон за семејство на Р.С.Македонија

чувствуваат сите посебно децата. Разводот на брак целосно го менува животот на детето, тоа за него претставува пресврт кој целосно му го менува животот.

Многу автори и многу истражувања докажуваат дека разводот е стресен процес за возрасните, но децата се најпогодени од целата ситуација.

Партнерите разводот на брак го доживуваат како почеток на нов период во нивниот живот и очекуваат дека децата лесно ќе ја прифатат и лесно ќе се адаптираат на целата ситуација без да сносат големи последици. Меѓутоа многу автори и истражувања го докажале спротивното, последиците се секогаш присутни и можат да ги пратат децата низ целиот нивни живот.

Долгорочни последици кои долгорочните истражувања ги потврдиле покажуваа дека децата на разведените родители често имаат понизок степен на образование во однос на другите деца, многу мал дел од нив стапуваат во брак и влегуваат во долги врски, многу порано започнуваат со сексуални односи и имаат помал број на деца.

Децата на разведените родители често имаат чувство на неприфатеност и нарушена сигурност, разделбата на своите родители ја доживуваат како разделба од нив и имаат чувство како да се напуштени и повеќе да не се сакани. До тоа доаѓа во после разводниот период кога родителите понесени од своите нови проблеми забораваат на потребите на детето.

Возрасните деца чии родители се развеле во нивното детство често знаат да кажат дека нивното детство било прекинато со тоа што им биле наметнати обврски кои што претходно ги немале.

Економските промени како што се промена на дом, промена на училиште, промена на место на живеење, град и слично, се промени кои доведуваат до појава на голем стрес кај детето.

Со направените истражувања се докажува дека само мал дел од децата успеваат да се прилагодат на новонастанатата ситуација, додека најголемиот број од нив ќе имаат некакви негативни последици.

Од тука излегува и прашањето какви се последици можат да произлезат од разводот на брак по децата,што се доживуваат децата после разводот на брак на нивните родители, како децата реагираат на новонастанатата ситуација, колку нивната возраст ќе влијае на нивната реакција, каква ќе биде реакцијата според полот на кој му припаѓаат. Потпирајќи се на досегашните направени истражувања и со спроведено сопствено истражување ова се дел од прашањата на кои ќе дадам одговор во ова истражување.

Како децата ќе го прифатат разводот на родителите, и какви последици ќе се појават од разводот на родителите зависи од многу фактори , такви фактори се економските услуви во кои живее детето, возраста на детето за време на разводот на родителите, полот на детето, околностите во кои се одвивала бракоразводната постапка и др.

Според Стронг и Кохен детската перспектива за развод поминува низ три фази, почетната фаза започнува во моментот кога родителите им соопштуваат на децата за нивната одлука за развод, и оваа фаза е најстресна за децата[14]. Децата се често тажни и агресивни па и конфликтите во оваа фаза не се реткост. Во просек по една година започнува втората фаза, односно децата веќе почнуваат да се смируваат и да го прифаќаат разводот на родителите. А потоа следува и третата фаза, односно формирање на ново семејство, кое семејство може да е со различна структура.

За разлика од минатото кога се мислело дека последиците од разводот можат да бидат само краткотрајни, со новите истражувања се покажува дека разводот предизвикува краткорочни и долгорочни негативни последици кај сите деца без разлика на нивната возраст, последиците по децата можат да бидат школски, здравствени и психоцијални.

Кога станува збор за тоа колку долго последиците од разводот можат да се задржат кај децата некои автори ги делат на краткорочни, долгорочни, а некои од авторите наведуваат и среднорочни последици.

[14] [14] Strong, B. i Cohen, T.F. (2013). The Marriage and Family Experience: Intimate Relationships in a Changing Society. Belmont: Cengage Learning.

Во периодот до две години се појавуваат краткорочните последици, во период до десет години се појавуваат среднорочните последици, во период по десеттата година се појавуваат долгорочните последици од разводот на брак на родителите.

Во случаи каде децата се жртви или сведоци на семејно насилство краткорочните последици кои можат да се појават можат да имаат и позитивен олеснувачки карактер. Негативните последици најчесто ќе се повлечат сами во период од шест до дванаесет месеци, односно до две години од појавата на последиците.

Според Кохен продолжението на негативните последици може да биде и после две години од разводот, или нивното прво појавување да биде после овој период по првото опоравување од негативните последици.[15]

Долгорочните последици повеќе зависат од типот односно карактерот на личноста, полот, воспитанието и темпераментот на личноста одколку од разводот на родителите.

Постојат многу фактори од кои зависи како децата ќе го поднесат и прифатат разводот на родителите, такви се: полот и возраста на детето, односот на родителите после разводот, економската состојба и животниот стандард, промена на училиштето, ангажираноста на родителите, промена на место на живеење и училиште итн.

Недоволната информираност и ставовите од типот дали разводот е „добар“ или „лош“ промената на место на живеење, организацијата на животот на родителите, како и родителските манипулирања влијаат на тоа родителите да не се запознаени како нивниот развод ќе влијае на децата.

Едно од најстресните искуства кое може да предизвика големи емоционални промени кај децата е токму разводот на родителите. Според Чудина-Обрадовић и Обрадовић прва реакција на децата е шок и запрепастување чиј интензитет зависи од нивната информираност за семејната ситуација и начинот на кој дознаваат за одлуката за развод на нивните родители, на тоа следи негирање, чувство на бес, надеж дека родителите повторно ќе бидат заедно ако тие бидат добри, депресија, и на крај конечно прифаќање на

[15] Cohen, G. (2002): Helping children and families deal with divorce and separation – Clinical report: Guidance for the clinician in rendering pediatric care. Pediatrics

целата ситуација.[16] Освен ова кај децата можат да се појават и следните последици: лутина, гнев, тага, загрозеност, изолирање и самоповлекување, импулсивно и агресивно однесување, недостиг на самопочит и самоконтрола, консумирање на алкохол и психотропни супстанци, намален успех во училиште, намалена концентрација, здравствени и психички проблеми.

Чаворић - Габор наведува и дека децата можат да чувствуваат и страв од напуштање, вознемиреност, осаменост, отфрленост, недоверба и нелојалност.[17]

Децата на разведените родители можат да се најдат во лоша социо-економска ситуација поради послабиот успех во училиште и прераното напуштање на училиштето, со што им се намалува можноста за вработување и повисоки примања.

За разлика од децата чии родители не се разведени, децата на разведените родители многу поретко влегуваат во брак и многу почесто се разведуваат и постојано чуствуваат страв од напуштање.

Од разводот на родителите нарушени се и социјалните вештини на децата, почесто стануваат жртви на булинг, се однесуваат непримерно, поминуваат малку време со своите врсници, се вознемируваат доколку некој ги распрашува за родителите, се служат со лаги и го прикриваат разводот, се сметаат за непопуларни, засрамени и неразбрани.

Како децата ќе реагираат на разводот на родителите зависи од повеќе фактори. Реакцијата на родителите на потребите од детето е еден од нив. Стресот кој што е постојано присутен кај родителите може да предизвика тие да ги игнорираат и на адекватен начин да одговорат на потребите на детето кои во тој период се по изразени.

Чувајќи ги децата на страна е еден од методите кои ги користат родителите со цел да ги заштитат децата, на тој начин правејќи грешка така што дозволуваат детето користејќи ја својата имагинација да создаде сопствена интерпретација на настаните која може да биде

[16] Čudina-Obradović, M. i Obradović, J. (2006). Psihologija braka i obitelji. Zagreb: Golden marketing-Tehnička knjiga.
[17] Čavarović-Gabor, B. (2008). Razvod braka roditelja i simptomi traume kod djece. Ljetopis socijalnog rada 2008., 15(1), стр 69-91.

и погрешна па така често себеси се доживува за одговорно и виновно за новонастанатата ситуација.

Како разводот на родителите ќе влијае врз детето зависи од неговиот пол. Истражувањата покажуваат дека момчињата многу побурно ќе реагираат на разводот на родителите во однос на девојчињата, додека пак други истражувања сметаат дека влијанието ќе биде исто само што ќе се манифестира на различен начин. Девојчињата во текот на разводот на родителите ќе станат тивки, анксиозни и повлечени, додека момчињата агресивни и непослушни. Доколку во текот на разводот децата се адолесценти реакциите според полот нема да се разликуваат.

Како разводот на родителите ќе влијае и ќе биде прифатен од страна на децата зависи и од нивната возраст.

Малите деца од предшколска возраст често не знаат што се случува па измислуваат сопствени приказни за разводот на нивните родители, збунети се и планираат како да ги смират своите родители постојано чувствувајќи страв дека ќе го изгубат едниот од родителите, па за да не се случи тоа често стануваат премирни и препослушни. Децата на предшколска возраст сметаат дека не се сакани поради таквото поимување на работите штом некој си оди тогаш не ме сака, со неразбирањето на крвното сродство често мислат дека родителот ќе си најди ново дете, со што децата најчесто ќе станат агресивни и депресивни. Родителите сметаат дека бебињата нема да имаат никакви последици од разводот на родителите затоа што сеуште немаат воспоставено емоционална поврзаност со родителите, но тука го забораваат фактот дека бебињата го чувствуваат стресот на мајката и дека реагираат на нејзиниот стрес.

Одредени опасности постојат и за адолесцентите иако се наоѓаат на возраст во која што можат да разберат што претставува разводот. За адолесцентите ова е период во кој што треба да го градат сопствениот идентитет, односно се изградува сопствен поглед на светот, сопствени вредности и ставови. Адолесцентите можат да развијат недоверба во бракот како институција доколку се случи во овој период од развојот. Разводот на брак може да претставува причина за понатамошни кризи, препрека за создавање комплетна личност и често од ваквите адолесценти може да се слушне дека не ја подржуваат

брачната заедница. Негативни последици од разводот на брак кои што се наведени во различни истражувања кои ги доживуваат адолесцентите се : предвремена зрелост, рана сексуалност, постојан страв од напуштање, ансиозност , депресија, и др.

Разводот на брак може да делува и како фактор за развој на промени, така децата кои што биле мирни да станат темпераментни и обратно, децата кои што редовно се дружеле со своите врсници сега само да посматраат, веселите да станат анксиозни, независните деца да не се оделуваат од мајките, оние кои што користеле тоалет повторно да се вратат на пелена и сл.

Разводот на бракот како предизвикувач на низа стресови дополнително ја зголемува напнатоста помеѓу родителите, често доаѓа до промена на домот, училиштето, контактот со едниот родител најчесто е намален како и со членовите на фамилијата на родителот со кој не живее. Ова се само дел од стресовите со кои се соочува детето и кои влијаат на неговата реакција на разводот на родителите. Најголем стрес за него претставува тоа што не живее со двајцата свои родители што од него бара стекнување на нови навики и рутини.

Дел од ова истражување ќе бидат и стресовите како и нивното негативно влијание кај децата.

Од она што е наведено погоре претпоставка е дека во периодот во првите две години после разводот, последиците од разводот на брак ќе се намалат или исчезнат што значи децата најверојатно ќе се прилагодат на новонастанатата ситуација.

Многу автори и стручни лица препорачуваат преземање на низа мерки со цел да се намалат негативните последици од разводот на брак кај децата.

Тоа што детето продолжува да живее само со едниот свој родител за него претставува најголем стрес, што од родителите бара и понатамошна меѓусебна соработка кога се потребите на детето во прашање. Доколку двајцата родители не се покрај него кај детето ќе се предизвика голема несигурност. За разлика од чувството на смиреност и сигурност доколку и двајцата родители се покрај него.

Начинот на кој што родителите ќе им ја соопштат одлуката за развод на своите деца треба да биде на начин на кој што тие ќе можат да разберат без да наведуваат детали за нивната одлука. На децата треба да им се стави до знаење дека немаат вина во одлуката за развод на родителите со што ќе им се намали чувството за вина.

а. РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА

Истражувањата кои се направени во минатото како и истражувањата од регионот и светот ќе бидат разгледани во овој дел од магистерската тема. Негативните последици од разводот на брак кај децата се интерес на голем број автори во светот меѓутоа кај нас и во регионот се спроведени мал дел на истражувања.

Резултатите кои што ги даваат спроведените истражувања се скоро исти без разлика во кој дел од светот се спроведени, со тоа се доаѓа до заклучок дека негативните последици од разводот на бракот неминовно ќе предизвикаат последици по развојот на децата. Новите истражувања како резултат го наведуваат податокот дека последиците од разводот на брак најчесто ќе бидат со краткорочен карактер, додека ретко се забележани долгорочни последици од разводот на брак.

Низата на фактори кои влијаат на реакцијата на децата на разводот на брак на родителите ќе биде разгледана во оваа магистерска теза. Со оваа проблематика кај нас речиси и да нема спроведено истражување, што дава мотив за истражување и допринос за давање на одговор на поставените прашања.

Ова истражување ќе биде поткрепено со релевантни истражувања кои ќе бидат презентирани.

А) „Razvod braka I simptomi traume kod dece„ автор Бранка Чаворович-Габор 2008 година

Авторот во ова истражување има цел да се докажат трауматските последици од разводот на брак кај децата, во споредба со другите деца.

- Резултатите од спроведеното истражување покажуваат дека децата на разведените родители немаат поголеми трауматски последици во споредба со другите деца, односно разводот сам по себе не е доволна причина за појава на трауматски последици кај децата, туку е потребно и влијание и на други фактори.

Б) Neki aspekti ponasanja djece razvedenih roditelja –zapazanja ucitelja автор Mia Veljačić

Предмет на ова истражување е проверување на некои аспекти во однесувањето на децата кои би требало навремено да се детектираат со цел и навремено да се превземат одредени мерки.

Целта на истражувањето е учителите во основните училишта да наведат кои промени во однесувањето ги забележуваат, дали имаат намален успех во училиште, промена во односите со другарите и возрасните, како и улогата на учителите во прилагодување на децата.

- Резултатите добиени во ова истражување покажуваат дека децата на разведените родители имаат значителни промени во однесувањето како што се: психичка и физичка агресија, уништување на имот, непримерно однесување, сексуалност нетипична за возраста, и др. значајни промени во односите со врсниците и другарите, како и намален успех во училиште не се забележани во истражувањето. Учителите сметаат дека имаат значајна улога стекнувајќи доверба кај децата, давајќи им љубов, и поддршка во надминување на разводниот и послеразводниот период.

В) The Impact of Divorce on Children автори David H. Demo и Alan C. Acock

Целта на ова истражување е да докаже дека децата на разведените родители имаат проблеми со емоционалното прилагодување, и асоцијално однесување за разлика од децата кои што потекнуваат од комплетни семејства.

- Добиените резултати докажуваат дека децата на разведените родители имаат емоционално пореметување и асоцијално однесување, меѓутоа истражувачите наведуваат дека овие податоци треба да се земат со доза на резерва затоа што во текот на истражувањето се изоставени некои варијабли како што е на пример семејниот конфликт, кој може да е застапен и во двата видови на семејство.

Г) Divorce and Factors Affecting Children's Post-Divorce Adjustment автор Karake Musaja Vincent

Авторот во ова истражување проучува одредени фактори како што се семејните карактеристики односно дали семејството е конфликтно, и економската состојба состојба на семејството после разводот. Тој истражува какво влијание ќе имаат овие фактори на децата од различен пол, како децата ќе се прилагодат на разводот, и како да им се помогне на овие деца подобро да се прилагодат на ново настанатите промени.

Резултатите на истражувањето покажуваат дека:

- разводот на родителите ќе го намали економски страндард со што дополнително ќе се влоши можноста за адаптација на детето во ново настанатата ситуација.
- Конфликтите во семејството исто така имаат негативни последици врз адаптацијата кај децата.
- Момчињата имаат потешка адаптација од девојчињата поради попустливоста и послабиот авторитет од родителите.

3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Сите сегменти на научно истражувачката работа ќе бидат опишани во овој дел од магистерската теза, како што се: предметот, целта и карактерот на истражувањето, задачите на истражувањето, научните методи, статистичка обработка на податоците и спроведување и организација на истражувањето. Во овој дел ќе биде претставена и користената литература и прилозите користени за спроведување на истражувањето.

3.1.Предмет на истражувањето

Предметот на истражувањето ќе биде презентиран во овој дел од магистерската теза. Ќе направам дефинирање на појавата што се испитува преку прецизно, јасно и кратко формулирање.

Разводот претставува предмет во ова истражување, односно последиците кои ги доживуваат децата од разводот на родителите, колку разводот на брак ќе предизвика или нема да предизвика негативни последици на развојот на децата, дали сам по себе разводот на брак ќе донесе негативни последици кај децата, од што и како ќе зависи интензитетот на негативните последици, како и начинот на кој што децата ќе се прилагодат на новонастанатата ситуација.

Одговорот на прашањето „што“ ќе се истражува го добиваме во самиот наслов на ова истражување. Доколку би направиле конкретизирање на проблемот тој би гласел: „кои се негативните последици на разводот на брак врз децата“.

Дополнителен мотив за истражување во оваа област ми дава тоа што на оваа тема кај нас се извршени многу мал број на истражувања.

Во втората половина на 2024 година е планирано да започне истражувањето, а да заврши во првата половина на 2025 година, со обработката на инструментите односно анкетните листови, интервјуата и протоколите.

Дел од ова истражување ќе бидат, разведени родители и стручни соработници во Република Северна Македонија, што значи дека ова истражување е просторно определено.

3.2.Цел на истражувањето

Основна цел на истражувањето е да се утврди кои негативни последици ќе ги предизвика разводот на брак кај децата.

Во ова истражување со помош на дескриптивен метод ќе биде опишана моменталната состојба, односно ова истражување спаѓа во дескрипција.

Ќе биде користено комбинација од квалитативно и квантитативно истражување, односно ќе се собираат, обработуваат и интерпретираат нумерички и описни податоци.

Според намерата ова е експлоративно истражување односно ја објаснува поврзаноста на појавите.

3.3.Задачи на истражувањето

Бидејќи задачите на истражувањето се поврзани со хипотезите на истражувањето со обработка на задачите ќе ја конкретизираме целта на истражувањето.

Предмет на ова истражување е да докажеме дека разводот на брак предизвикува негативни последици кај децата, од тука задача на истражувањето е да докажеме дека разводот на брак предизвикува негативни последици кај децата.

Според дефинирањето на целта и предметот на истражувањето можеме да ги изнесеме следните задачи:

- да се утврди како се адаптираат децата на разводот на брак од родителите;
- да се утврди дали секогаш разводот на брак на брак ќе предизвика негативни последици кај децата;
- да се утврди дали мирниот и конфликтниот развод ќе предизвикаат исти негативни последици кај децата.
- да се утврди како влијае разводот кај децата на рзлична возраст.
- да се утврди какво е влијанието на разводот во зависност од полот на децата;
- да се утврди дали разводот на родителите влијае на постигнатиот училишен успех кај децата;
- да се утврди кои стресови од разводот на брак на родителите се најмногу виновни за појава на негативни последици кај децата;
- да се утврди дали во ублажување и намалување на негативните последици од разводот на брак кај децата има влијание заеднички поминатото време со двајцата родители после разводот.

Со спроведување на разговори со стручни лица и преку анкетирање на разведените родители ќе се реализираат овие задачи.

3.4.Хипотези

Хипотезите ни претставуваат претпоставен одговор на проблемот на истражување.

Овде ќе бидат претставени генералната хипотеза и посебните хипотези. Со општата хипотеза ќе добиеме одговор на проблемот на истражување, додека со посебните хипотези ќе ги одговориме поставените задачи.

Општа хипотеза:

- Децата на разведените родители имаат негативни последици од разводот на брак, и проблем со адаптација

Посебни хипотези:

- децата чии родители се разведени тешко се прилагодуваат на новонастанатата ситуација.
- Негативните последици кај децата се присутни без разлика дали разводот поминал мирно или конфликтно
- Разводот на брак на родителите влијае врз намалување на успехот во училиште кај децата.
- Негативните последици кај децата се намалуваат доколку детето има родители кои меѓусебно соработуваат и си помагаат и после разводот.
- Децата на разведените родители ќе имаат негативни последици од разводот на брак без разлика на нивната возраст
- Негативните последици од разводот на брак се подеднакво застапени и кај машките, и кај женските деца.
- Најголемиот број од негативните последици од разводот на брак кај децатасе со краткорочен карактер.

3.5.Варијабли

Врз основа на хипотезите ќе ги определиме и варијаблите кои варираат и имаат различни вредности. Ќе бидат наведени зависните, независните и релевантните варијабли.

Бидејќи веќе имаме направено дефинирање на проблемот на ова истражување кој гласи „кои се негативните последици на разводот на брак врз децата?“

Од вака изнесениот проблем можат да се издвојат две варијабли и тоа:

Независна варијабла: „разводот“ кој претставува причина за појава на негативни последици.

Зависна варијабла: „појавата на негативни последици и проблемите во адаптирањето кај децата на новонастанатата ситуација“

Релевантните варијабли: ќе бидат полот и возраста на децата, возраста и образованието на родителите, работниот однос и економската состојба на родителите, времето поминато во брак, како и времето поминато од разводот на бракот.

3.6.Научни методи, техники и инструменти

Научниот метод го насочува истражувачот во реализацијата на истражувањето, односно како да изврши избор на техники и постапки со кои ќе се собираат податоците, инструментите се алатките за собирање на податоци.

Дескриптивниот метод ќе биде користен во ова истражување, анализирањето на влијанието на независната варијабла врз зависните варијабли ќе се направи со користење на методи, техники и инструменти.

Во процесот на истражување податоците ќе се собираат со следните техники и инструменти:

- Метод на анкетирање, каде како инструмент ќе се користи анкетниот лист;
- Метод на интервјуирање, со користење на техника интервјуирање и протокол инструмент;

Анкетниот лист и протокол ќе бидат посебно припремени за потребите на ова истражување.

3.7.Популација и примерок

Популацијата претставува вкупен број на испитаници, примерокот е делот од популацијата за која се собираат информациите, заклучокот ќе биде изнесен врз основа на примерокот за целата популација.

Еден од разведените родители и стручните соработници се популација, додека примерок се разведените парови во Република Северна Македонија.

3.8.Статистичка обработка, анализа и интерпретација на податоците

Спроведеното истражување е од квалитативен и квантитативен карактер, со методот на анкетирање е спроведено квантитативното истражување, со користење на анкетниот лист како инструмент.

Добиените одговори од анкетниот лист најпрво се средуваат , потоа се групирани и табелирарани.

Збирните групирања ќе бидат изведени според зачестеност, а посебните со пресметка на проценти и просечни резултати.

3.9.организација и спроведување на истражувањето

Истражувањето ќе биде спроведено на територијата на Р.С.Македонија,и не бара големи финансиски средства затоа што комуникацијата со единиците на истражување ќе се спроведува по електронски пат.

После изработката на анкетниот лист, истиот ќе биде испратен до единиците на истражување кои во определен рок треба да дадат одговор. Пристигнатите одговори ќе се оработуваат и на тој начин ќе ги добиеме резултатите од истражувањето.

Сите елементи на истражувачка етика ќе бидат применети во текот на истражувањето , анкетирањето е анонимно, личниот став ќе биде прикриен, резултатите реално ќе се презентираат, а целта на истражувањето ќе биде прикриена за да не дојде до нејзина компромизација.

4. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО


Одлуката за развод на родителите е причина за растурање на голем број на семејства. За едно дете да порасне во комплетно здрава личност предуслов е тоа да расте во целосно и функционално семејство. Со одлуката на родителите за развод на брак се растураат и семејствата во кои има барем по едно дете кое се изложува на ризик да биде нарушен неговиот понатамошен развој.

Анкетниот лист е поделен на општ и посебен дел, со одговорите на прашањата од првиот дел ќе го определиме вкупниот број на испитаници, колку од нив се машки а колку се женски, ќе провериме колку од децата живеат со својата мајка а колку од нив живеат со својот татко, ќе го определиме полот и возраста на децата, степенот на образование и работниот однос на родителите како и економските услови во кои живеат.

Во текот на ова истражување кое беше спроведено на територијата на Република Северна Македонија беа опфатени вкупно 410 разведени родители. Од вкупниот број на разведени родители на кои им беа испратени анкетни листови, одговор на анкетниот лист дадоа 317 испитаници. Сите 19 стручни соработници односно психолози и педагози од училиштата и градинките дадоа одговор на поставениот протокол.


Од вкупниот број на испитаници 214 се од женски пол, додека на машкиот пол му припаѓаат 103 испитаници, кои ќе бидат прикажани во графикон број 1.

Графикон број 1 – пол на родителите.



Бројот на деца опфатени во истражувањето е вкупно 353 од кои девојчиња се 199, а 154 се момчиња, кои ќе бидат прикажани во графикон број 2.


Графикон број 1 – пол на деца.



Бројот на машки и женски деца во истражувањето е приближен што е и добро, затоа што имам хипотеза за подеднакво штетно влијание на разводот на родителите врз машките така и врз женските деца. Дали е тоа точно ќе дознаеме понатаму во истражувањето.

Според некои спроведени истражувања децата чии родители имаат висок степен на образование имаат помали последици од разводот на родителите, за разлика од децата чии родители се со низок степен на образование. Токму поради тоа од родителите беше побарано во анкетниот лист да дадат одговор за нивното образование. Добиените резултати се прикажани во графикон број 3.

Графикон бр.3 –образование на родителите.




Од овие резултати забележуваме дека со завршено средно образование се најголемиот број од испитаниците вкупно 204, високо образование имаат 91 испитаник, додека најмалку од испитаниците имаат основно образование вкупно 22 испитаници.

Одговорите од анкетниот лист на родителите со високо и средно образование значително се разликуваат од одговорите на испитаниците со основно образование, така што сметам дека овие родители можат повеќе превентивно да влијаат врз своите деца.

На прашањето „во каков работен однос сте“ родителите во анкетниот лист го дадоа следните одговори: во работен однос се 231 од родителите, додека пак 86 од нив не се во работен однос. Овие податоци ќе бидат прикажани во графикон број 4.

Графикон број 4 –работен однос на родителите.



Со овој податок можеме да видиме колку време поминува родителот заедно со своето дете. Стручните соработници сметаат дека на сметка на подолгото време заедно со своите деца невработените родители вршат поголем притисок врз своите деца со што можат да предизвикаат поголеми последици од разводот. Стручните соработници исто така сметаат дека заеднички поминатото време заедно со децата не е важен фактор, битно е колку тоа време кое го поминуваат заедно родителите и децата е квалитетно, колку од времето го поминуваат во разговор, колку играат друштвени игри, заедничка посета на спортски и културни манифестации и слично.

Истражувањата кои што се до сега направени докажуваат дека условите во кои што живеат децата се важни за нивниот понатамошен раст и развој, односно децата кои имаат родители кои имаат неповолна економска состојба ќе имаат поголеми негативни последици од разводот на родителите, во споредба со децата чии родители се во добра економска состојба и подобри услови за живот.

Сметав дека условите во кои што живее детето се битен фактор, и земајќи го во предвид овој податок од испитаниците побарав да дадат одговор за нивната економска состојба.

Резултатите покажуваат дека најмал дел од испитаниците себеси се сметаат за богати и оние кои не можат да ја проценат својата економска состојба, мал процент одговорија дека се сметаат за сиромашни, најбројни беа оние кои се сметаат за ниту богати нити сиромашни.

Добиените резултати ќе бидат прикажани во табела број 5

Табела број 5

Економска состојба на испитаниците		
Сиромашни	19	5.99%
Богати	11	3.47%
Ниту богати ниту сиромашни	245	77.29%
Не можам да оценам	42	13.25%
Вкупно	317	100%

Резултатите покажуваат дека 77.29% од разведените родители имаат релативно добри услови за живот.

Од прегледот на овие резултати најзагрижувачки се оние испитаници кои не можат да направат проценка на својата економска состојба, а со тоа и на својата припадност. Испитаниците кои се изјасниле за сиромашни се најчесто оние кои имаа основно образование , и не можат да ги задоволат потребите на детето и своите потреби.

Родителите кои себеси се сметаат за богати и оние кои што се вработени често сметаат дека времето кое не го поминуваат заедно со своите деца како, и психолошката и емоционалната запоставеност на сопствените деца можат да ја надополнат со пари и подароци, додека пак невработените родители со кои што живеат децата за сметка на времето кое го поминуваат со своите деца често се соочуваат со недостаток на финансии за да ги задоволат основните детски потреби, па се принудени да бараат работа, повторно оставајќи ги децата сами во друштво на некој нивни близок, или во институција.

Стручните соработници се согласуваат дека економската состојба на родителот со кој живее детето е важна, тие наведуваат дека децата чии родители немаат стабилна економска состојба често се соочуваат со девијантно и агресивно однесување, токму поради неможноста на родителот да ги задоволи неговите потреби.

Прашањата во анкетниот лист кои се однесуваат на посебните податоци ќе ни дадат можност попрецизно да ги утврдиме негативните последици од разводот кои се појавуваат кај децата. Со обработката на овие подароци ќе направам просек на траењето на брачната заедница, просечна возраст на децата за време на разводот на родителите, и просек на времето откако дошло до развод на родителите.

Овие податоци се важни затоа што треба да знаеме на која возраст било детето за време на разводот на родителите, колку време живеело заедно со родителите, и колку време е поминато од разводот на родителите, знаејќи ги овие податоци ќе утврдиме дали негативните последици од разводот на родителите се од долгорочен или краткорочен карактер.

Од добиените резултати дознаваме дека испитаниците во брак биле од најмалку 2 до најмногу 18 години, така просечна вредност на времето поминато во брак ќе биди 8 години.

Децата на разведените родители за време на разводот биле на возраст од 2 до 19 години, така што просечна возраст е 8.5 години со тоа во ова истражување се опфатени деца од предшколска, школска и тинејџерска возраст.


Просечната вредност на времето поминато од разводот до моментот кога се спроведува ова истражување е 4.7 години.

Мислењето на стручните соработници учесници во ова истражување за начинот на кој се завршува бракот е скоро исто, тие сметаат дека негативните последици кај децата ќе бидат многу помали и помалку ќе влијаат на нивниот понатамошен развој доколку родителите имале мирен развод, за разлика од децата чии родители поминале низ конфликтен развод.

На прашањето „како го опишувате вашиот развод мирен или конфликтен“ поголемиот број испитаници 75.39% дале одговор мирен, додека со конфликтен развод се соочиле

24,61% испитаници. Резултатите за бројот на мирни и конфликтни разводи се прикажани во графиконот број 5.

Графикон број 5



Од вкупниот број испитаници 24,61% одговориле дека поминале низ конфликтен развод што дава простор за загриженост за последиците кои ќе ги имаат децата на овие родители.

Поминувајќи низ конфликтен развод родителите војуваат помеѓу себе при што децата ги слушаат нивните расправии и ги оставаат децата на средина често користејќи ги за манипулација. Родителите свесно или несвесно ги префрлаат нивните чувства врз децата предизвикувајќи кај нив несигурност, без, тага, револт, депресија, анксиозност, со што предизвикуваат краткорочни и долгорочни последици кај децата.

Стручните соработници едногласно потврдуваат дека децата сведоци на конфликтен развод ќе доживеат подлабоки и подолгорочни последици за разлика од децата кои поминуваат низ мирен развод на родителите. Децата кои се сведоци на конфликтите на своите родители учат своите проблеми да ги решаваат на таков начин без да имаат пример

да научат да преговараат и бараат компромис. На тој начин им се скратува можноста на децата да одржуваат пријателства и да развиваат социјални вештини.


Во мирниот развод децата не се сведоци на конфликти помеѓу родителите, и не се користат како средство за манипулација со тоа се изложени и на помало ниво на стрес. Овие родители на смирен и за децата разбирлив начин им ја соопштуваат одлуката за развод при тоа внимаваат на неговата емоционална состојба. Тоа што родителите се развеле на мирен начин не е гаранција дека децата ќе поминат без последици од разводот, но тие последици ќе бидат со послаб интензитет.

Во анкетниот лист е поставено прашањето „дали при донесувањето на одлуки за вашето дете, соработувате со вашиот поранешен партнер“ . Ова прашање е важно затоа што за да има помали последици кај децата од разводот, потребно е родителите и после разводот да соработуваат секогаш кога се во прашање детските потреби и интереси.

На ова прашање добив изненадувачки одговори 43,85% од испитаниците одговориле дека немаат соработка со поранешниот партнер кога станува збор за донесување одлуки за нивните деца, додека 56.15% имаат меѓусебна соработка кога станува збор за одгледувањето и воспитувањето на децата.

Добиените резултати за меѓусебна соработка меѓу родителите се прикажани во графикон број 6.

Графикон број 6



Добиените резултати од 56,15% на родители кои учествуваа во истражувањето покажуваат дека родителите со кои што живее детето не добиваат помош од поранешниот партнер при воспитувањето и одгледувањето на детето. Тоа значи дека целата одговорност како и последиците со кои ќе се соочат децата треба да ја сносат тие самите. Оваа ситуација претставува стрес за самото дете затоа што ќе добива грижа само од едниот родител може да почувствува отфрленост и да бара вина во самото себе како и да развие низа емоционални проблеми, може и да дојде до целосна разделеност од родителот со кој што не живее.

Како надополнување на ова прашање ќе следи и прашањето „колку заедничко време поминувате со децата и поранешниот партнер?“ Резултатите кои што ги добивме се слични на претходните.


Во табела број 6 е прикажано колку често децата поминуваат заедничко време со двајцата свои родители.

Табела број 6

Заедничко поминато време со двајцата родители		
Често	10,09%	32
Понекогаш	14,83%	47
Многу ретко	34,07%	108
Никогаш	41,01%	130
Вкупно	100%	317

Овие резултати ќе бидат прикажани во графикон број 7

Графикон број 7



За да може да израсне во целосно здрава личност на секое дете му е потребно да поминува квалитетно време со двајцата свои родители. Тогаш кога разводот е неизбежен детето е осудено да остане само со едниот свој родител. И покрај одлуката за развод родителите земајќи ги предвид потребите на детето треба да се потрудат да поминуваат повеќе време заедно со децата.

За жал податоците кои што се добиени го докажуваат спротивното, само 10,09% од испитаниците одговориле дека често поминуваат заедничко време со поранешниот партнер и децата.

Понекогаш одговориле 14,83% од испитаниците при што како дополнување на прашањето имаат наведено дека како заедничко време го сметаат времето за семејни прослави, роденденди, празници и слично. Иако овие средби не се доволни сепак дозволуваат детето да ја почувствува љубовта и од двајцата родители со што му се дава до знаење дека и двајцата родители му се достапни секогаш кога му се потребни.


Испитаниците кои ги одбегнуваат заедничките средби се оние кои дале одговор многу ретко односно 34,07% од испитаниците. Помеѓу овие испитаници постои голема нетрпеливост но ретко поради потребите на децата се согласуваат на средба. Често овие средби можат да бидат пропратени со конфликти и нетрпеливост помеѓу родителите на тој начин предизвикувајќи стрес и тага кај детето а со тоа и продлабочување на последиците и емоционалното здравје на детето. Родендените се наведени како најчест момент за заедничка средба.

Највисоки 41,01% од испитаниците никогаш го навеле како одговор на прашањето. Тоа покажува дека овие родители го одбегнуваат поранешниот партнер по секоја цена не земајќи ги во предвид потребите на детето. Овие испитаници најчесто поминале низ конфликтен развод и одлуките за своите деца ги носат сами. Децата на овие родители имаат најголеми шанси да развијат долгорочни последици од разводот на родителите.

Големи негативни последици по развојот на детето може да предизвика промената на домот и адаптирањето во новата средина, што не значи само промена на домот туку цел сплет на промени кои можат целосно да го променат начинот на живот кој што го имал детето, такви промени се: намален или изгубен контакт со членовите на поблиската фамилија со родителот со кој што не живее, изгубен или намален контакт со другарите и врсниците со кои се дружело детето. Токму поради тоа од испитаниците е побарано да одговорат на прашањето „дали и какви потешкотии имаа вашите деца при адаптирањето на новиот дом?“


На ова прашање ги добивме следите одговори: 22,08% од испитаниците одговориле дека не го промениле местото на живеење, додека 77,92% направиле промена на домот. Добиените резултати се прикажани во графикон број 8.

Графикон број 8.



Децата кои што поминале низ промена на местото на живеење и промена на домот , ќе се соочат со поголеми последици и стрес во споредба со децата кои што останале да живеат на иста адреса. Ова се должи пред се на фактот што промената на домот со себе повлекува и низа други промени кои за детето се траума за чие што надминување потребна му е поголема поддршка како од семејството така и од околината. Бројот на деца кои имале потешкотии во адаптирањето на новиот дом е прикажан во графикон број 9.

Графикон број 9



Ова прашање беше надополнето и со неколку потпрашања на кои родителите требаше да одговорат, тие прашања се однесуваа на промените кои родителите ги забележале кај се:

- Револт кон родителот со кој продолжуваат да живеат
- Несоница
- Агресивност
- Тага
- Чувство на лутина кон двајцата родители
- Раздразливост и избувливост
- Сакаат да се вратат во претходното живеалиште

Децата кои не направиле промена на домот, односно остануваат да живеат на истото место исто така пројавуваат одредени промени во однесувањето, тоа се должи на заминувањето на едниот родител од домот па кај децата се јавува чувство на вина. Најчести промени кои што овие родители ги наведуваат во анкетниот лист се:

- Чувство на лутина,

- бес и револт кон родителот со кој остануваат да живеат
- Агресивност
- Тага

Промената на местото на живеење често на родителите има наложува да го променат и училиштето или градинката на децата. Следно прашање на кое испитаниците дадоа одговор е „ Дали адаптирањето во новото училиште беше проблем за вашето дете?“

Одговор на ова прашање имаат дадено вкупно 286 испитаници поради тоа што се родители на деца од предшколска возраст и не посетуваат градинка. 154 од родителите имаат деца кои посетуваат основно училиште, 104 од родителите имаат деца кои што посетуваат средно училиште и 28 родители имаат деца кои што посетуваат предшколска установа.

Во ова истражување се опфатени вкупно 316 деца од кои 191 одат во основно училиште, 83 одат во средно училиште и 42 кои посетуваат предшколска установа.

Вкупниот број на испитаници е прикажан во табела број 7


Табела број 7

	Основно училиште	Средно училиште	Детска градинка	Вкупно
Родители	154	104	28	286
Деца	191	83	42	316

Добиените резултати од дадените одговори на испитаниците се следни: од вкупниот број деца кои одат во основно образование 36,13% го промениле училиштето, 12,05% од средношколците го промениле училиштето и 42,86% од децата кои посетуваат градинка ја промениле предшколска установа.

Промената на основно и средно училиште, како и промената на детска градинка е прикажан во графикон број 10

Графикон број 10




Од прикажаниот графикон можеме да заклучиме дека само мал број од децата го промениле училиштето односно детската градинка. Овие мали промени се очекуван и се должат пред се на фактот што се живее во помали населени места каде промената на училиштето не е неопходна, па децата продолжуваат да ги посетуваат истите училишта и детски градинки.

Од вкупниот број на децата кои ги промениле училиштата , 69 од вкупно 191 ученици во основно училиште го промениле училиштето и тоа се најмногу деца од пониските одделенија во основното училиште, 10 од вкупно 83 ученици во средно училиште го промениле училиштето, додека пак 18 од вкупно 42 деца ја промениле предшколската установа.

Колку од овие деца имале проблем со адаптацијата во новото училиште ќе видиме во графикон број 11.

Графикон број 11.



Од графиконот број 11 јасно се гледа дека децата кои направиле промена на основното и средно училиште, и детска градинка имаат проблем со новата адаптација.

Ова е и очекуван одговор затоа ова прашање е надополнето со потпрашање , од родителите беше побарано да одговорат со каков тип на потешкотии во процесот на адаптација се соочија нивните деца.

Најголемиот број од родителите дадоа слични одговори, децата во процесот на адаптација се соочуваат со следните проблеми:

- Агресивност
- Покажување на агресивност и неприфаќање на врсниците
- Непочитување на авторитетот на учителите
- Непослушност
- Бегање од часови
- Одбивање да одат во новото училиште

Одговорите на стручните соработници ги потврдуваат добиените резултати. Тие исто така потврдуваат дека децата на разведените родители имаат потешкотии при процесот на адаптирање во ново училиште. Тие наведуваат дека децата од ранливите категории често имаат проблем во адаптацијата, а во оваа категорија спаѓаат и децата на разведените

родители. Како симптоми и проблеми при процесот на адаптација во ново училиште стручните соработници ги наведуваат истите како и родителите и како дополнителен проблем тука го наведуваат намалениот успех во училиште на овие деца.

Токму намалениот успех во училиште е прашање кое е поставено во анкетниот лист наменет за родителите. „Какво влијание имаше вашиот развод врз постигнатиот успех во училиште?“ на ова прашање одговараат родителите кои имаат деца во основно и во средно училиште, родителите кои имаат деца на предшколска возраст не даваат одговор на ова прашање. Одговор на прашањето дале вкупно 258 испитаници, кои се родители на вкупно 274 деца кои одат во основно и средно училиште.

Одговорите на ова прашање ќе бидат прикажани во графикон број 12.

Графикон број 12



Од резултатите кои се прикажани во графикон број 12 можеме да забележиме дека виски 73.72% од опфатените деца покажале намален успех во училиште. Од преостанатите 26,28% деца 9% се деца до петто одделение каде нема нумеричко вреднување на успехот, туку оценувањето се прави описно.

Стручните соработници наведуваат дека намалениот успех во училиште е скоро нормална и очекувана појава кај децата на разведените родители. Намалениот успех најмногу е забележан во првите две години од разводот на родителите поради што се смета како последица од краткорочен карактер, после овој период најголемиот дел од децата ја


надминуваат новонастанатата ситуација. Како причина за намалениот успех во училиште стручните соработници ги наведуваат промените и стресот кој што го доживуваат децата од разводот на нивните родители.

Друга појава со која се соочуваат родителите и се појавува како последица на разводот е променливото расположение кај децата.

Колку од децата ја доживеале оваа состојба ќе дознаеме од следната анализа.

Во анкетниот лист е поставено и прашањето „ дали после вашиот развод , децата имаа променливо расположение“, резултатите кои се добиени се прикажани во графикон број 13.

Графикон број 13.



Од графиконот број 13 можеме да видиме дека високи 85,84% односно 303 деца, доживуваат чести промени во расположението, додека само 14,16% односно 50 од децата не ја доживеале оваа појава.

Ова е многу честа појава потврдуваат и стручните соработници. Тие наведуваат дека тоа може да се смета за нормална појава како резултат на стресот, и големиот број промени кој што ги доживуваат децата како резултат на разводот од своите родители.


Најчести промени кои ги имаат наведено родителите се:

- агресивност
- носталгичност
- депресивност
- лутина
- асоцијалност
- срам
- бес

Истражувањата кои што се направени до сега покажуваат дека одржувањето на контакти со роднините на родителот со кој не живее детето позитивно има позитивно влијание врз детето и помага во намалување на негативните последици од разводот.

„Колку често вашите деца контактираат со членовите на фамилијата на вашиот поранешен сопруг?“ е следно прашање на кое ќе добиеме одговор. Добиените резултати се прикажани во графикон број 14.

Графикон број 14.



Добиените резултати во графикон број три покажуваат дека е приближен процентот на деца кои што остваруваат или ретко остваруваат контакти со членовите на поблиската фамилија на родителот со кој не живеат. Деца кои ретко контактираат со поблиските членови на фамилијата се вкупно 165, додека оние кои често контактираат се вкупно 147 деца. Децата кои не контактираат со членовите на поблиската фамилија на родителот со кој не живеат се изложени на поголем ризик во однос на другите деца, кај овие деца се појавува тага, носталгичност, немир, осаменост и отфрленост, и слично.


Од резултатите кои што се до сега обработени и и анализирани се потврдуваат некои од хипотезите кои што се поставени:

Хипотеза:

- *децата чии родители се разведени тешко се прилагодуваат на новонастанатата ситуација.*

Резултатите на прашањата поврзани со процесот на адаптација на новиот дом, промената на ново училиште, намалениот успех во училиште, и честите промени во расположението ја потврдуваат наведената хипотеза, овие резултати се прикажани во графикон број 15.

Графикон број 15.



Прикажаното во графикон 15 ни потврдува дека висок е процентот на деца кои што имале проблеми при адаптирањето на промените кои што со себе ги донел разводот на родителите:

- од вкупно 247 деца кои го промениле домот 224 деца имаат проблем со адаптирање во новиот дом
- од вкупно 97 деца кои што го промениле училиштето 62 од децата имаат проблем со адаптирање
- од вкупно 274 деца кои го промениле училиштето 202 деца покажуваат намален успех.
- Промени во расположението покажуваат 303 од вкупно 353 деца.

Со резултатите добиени на прашањето „ како го опишувате вашиот развод мирен или конфликтен?“ ја потврдив и хипотезата:

Хипотеза:

- *Негативните последици кај децата се присутни без разлика дали разводот поминал мирно или конфликтно“*

Со добиените резултат утврдивме дека 24.61% односно 78 од испитаниците поминале низ конфликтен развод. Бројот на деца на овие родители изнесува 102 од вкупно 353 деца кои беа опфатени во истражувањето, што е мала бројка за да докажеме дека само овие деца имаат последици од разводот на брак на родителите, затоа што последици од разводот беа забележани и кај децата чии родители поминале низ мирен развод. Со ова е потврдена наведената хипотеза.

Хипотеза:

- *Разводот на брак на родителите влијае врз намалување на успехот во училиште кај децата.*

Оваа хипотеза е докажана со поставување на прашањето во „ Какво влијание имаше вашиот развод врз постигнатиот успех во училиште?„. Од добиените одговори односно резултати од вкупно 274 деца кои што учат во основно и средно училиште 202 деца покажуваат намален успех во училиште. Овој висок процент е доволен за оваа хипотеза да биде докажана.


Хипотеза:

- *Негативните последици кај децата се намалуваат доколку детето има родители кои меѓусебно соработуваат и си помагаат и после разводот.*

Резултатите од повеќе прашања наведени во анкетниот лист ќе ни ја докажат оваа хипотеза. Од одговорите на родителите на децата кои имаат добра меѓусебна соработка и кои заедно донесуваат одлуки, често поминуваат заедничко време со двајцата свои родители, и оние кои често имаат контакт со членовите на семејството на родителот со кој не живеат, ќе видиме колку од тие деца имаат потешкотии при адаптирањето во новиот дом, имаат намален успех во училиште, и промени во расположението. Одговорите на овие прашања кои ги дале родителите ќе ја потврдат наведената хипотеза:

Резултатите од овие прашања се наведени во графикон број 16.

Графикон број 16.



Од добиените резултати прикажани во графикон број 16 заклучуваме дека значително мал број на деца, во однос на родителите кои дале поинакви одговори на овие прашања имаат проблеми со адаптирањето во новиот дом, проблеми со адаптирање во ново училиште, намален успех во училиште, и промени во расположението.

Во докажувањето на оваа хипотеза беа опфатени вкупно 169 деца, при анализирањето на овие резултати е забележано дека само 29% од децата имаат повеќе од два од горенаведените симптом, што не дава простор за загриженост поради тоа што овие деца имаат постојана помош и потпора од двајцата свои родители кои ќе им помогнат лесно да ги надминат овие потешкотии.

Исто така треба да се земе во предвид и фактот што поголемиот број од овие разводи се случени во период пократок од две години, така што овие последици се сеуште јако присутни кај децата, овие деца лесно ќе ги надминат овие негативни последици од разводот со подршката од двајцата свои родители.

Прикажаните резултати покажуваат дека децата на разведените родители кои меѓусебно соработуваат, кои често поминуваат заедничко време заедно, и кои одржуваат контакт со

членовите на потесната фамилија на родителот со кој живеат, покажуваат помалку негативни последици во однос на другите деца, со што поставената хипотеза е докажана.


Наредна хипотеза која ќе биде докажана е:

- *Децата на разведените родители ќе имаат негативни последици од разводот на брак без разлика на нивната возраст*

Како основа за потврдување на оваа хипотеза е тоа што во ова истражување имаме деца од различна возраст, тука спаѓаат деца на предшколска, школска, и тинејџерска возраст. За потврдување на зададената хипотеза анализирањето ќе биде извршено одделно за сите три групи.

Анализирање ќе започнам од првата група, односно од децата на предшколска возраст. Добиените резултати се прикажани во графикон број 17.

Графикон број 17.




Од добиените резултати заклучуваме дека децата на предшколска возраст бурно го доживуваат разводот на брак на своите родители, заклучокот е донесен врз основа на резултатите прикажани во графиконот број 17.

- Деца на предшколска возраст кои го промениле својот до се вкупно 36, од нив 22 имаат потешкотии при адаптација на новото место на живеење.
- Потешкотии при адаптација во новата детска градинка имаат 17 од 18 деца.
- Чести промени во расположението покажале вкупно 58 од 79 деца.

Следна е анализата на возраста на децата кои што се на школска возраст, одговорите кои на прашањата од анкетниот лист кои ги додоја родителите на овие деца се прикажани во графикон број 18.

Графикон број 18.



Резултатите кои што се прикажани во графикон број 18 докажуваат дека децата на школска возраст покажуваат високи проценти на потешкотии при адаптацијата:


- Деца на школска возраст кои го промениле својот дом се вкупно 107, од нив 81 имаат потешкотии при адаптација на новото место на живеење.
- Потешкотии при адаптација во ново училиште имаат 55 од вкупно 69 деца.
- Намален успех постигнале 154 од вкупно 184 деца.

- Променливо расположение покажале вкупно 128 од 184 деца.

Од дополнителните прашања кои што беа наведени во анкетниот лист како најчести негативни последици кај децата се појавуваат чувствата тага, бес, чувство на страм и вина, неприфаќање, како и намален успех во училиште, намалена концентрација, променливо расположение и сл.

Третата анализа е за децата на тинејџерска возраст, односно негативните последици од разводот на родителите кај средношколците. Резултатите се прикажани во графикон број 19.

Графикон број 19.



Од наведените податоци, како кај предшколските и школските деца, така и кај тинејџерите се забележани висок процент на на негативни последици:

- Деца на тинејџерска возраст кои го промениле својот дом се вкупно 104, од нив 76 имаат потешкотии при адаптација на новото место на живеење.
- Потешкотии при адаптација во ново училиште имаат 7 од вкупно 10 деца.
- Намален успех постигнале 81 од вкупно 90 деца.
- Променливо расположение покажале вкупно 79 од 90 деца.

Како најчести одговори на дополнителните прашања кои одговорите ги наведиле во анкетниот лист се следните негативни последици од разводот на бракот: разгневеност, бес, нервоза, променливо расположение, намален успех во училиште, неприфаќање на разводот на родителите, намалена концентрација, агресивност.

Од претходните анализи на трите различни возрасни групи на деца , можеме да заклучиме дека не е важно на која возраст биле децата во моментот кога настапил разводот на родителите, разводот ќе предизвика негативни последици кај децата. Негативните последици и реакции на децата од различна возраст се разликуваат во зависност од нивната возраст и зрелост, но се присутни кај трите возрасни групи. Со ова е потврдена хипотезата: децата на разведените родители ќе имаат негативни последици од разводот на брак без разлика на нивната возраст.


Хипотеза:

- *Негативните последици од разводот на брак се застапени и кај машките, и кај женските деца*.

Вкупниот број на деца во ова истражување е 353, од нив 199 од децата се девојчиња, а 154 се момчиња, од овие бројки можеме да заклучиме дека имаме приближен број на момчиња и девојчиња што е одлична основа за потврдување на оваа хипотеза.

Резултатите кои што се добиени следно ќе бидат поделени во две групи, на машки и женски, добиените резултати се прикажани во графикон број 20.

Графикон број 20.



Од резултатите прикажани во графиконот број 20 можеме да видиме дека скоро секаде имаме приближни резултати и кај девојчињата и кај момчињата, што ни потврдува дека и двата пола имаат приближно исти негативни последици од разводот на родителите.

Разлика при анализирањето на одговорите на прашањата е забележана во начинот на искажување на емоциите и реагирањето на новонастанатата ситуација, момчињата реагираат повеќе бурно и инпулсивно, повеќе изразуваат бес и разгневеност, и намалено поведение во училиште, додека пак девојчињата се поемотивни, се самоповлекуваат, повеќе ја изразуваат својата тага, срам, кај нив е повеќе застапено чувството за вина, и се повознемирени.

Момчињата и девојчињата доживуваат подеднакво исти негативни последици од разводот на родители, и двата пола пројавуваат проблеми при адаптација во нов дом и училиште, имаат промени во расположението, и намален успех во училиште без разлика на тоа на кој начин тие ги доживуваат и искажуваат симптомите.

Од спроведената анализа и прикажаните резултати можеме да ја потврдиме и оваа хипотеза со која потврдив дека негативните последици од разводот на брак се подеднакво застапени и кај машките, и кај женските деца.

Хипотезата:

- *Најголемиот број од негативните последици од разводот на брак кај децатасе со краткорочен карактер.*


Во досегашната анализа на резултатите опфативме повеќе стресори кои што можат дополнително да ги зголемат последиците од разводот на брак кај децата, опфатени беа промената на домот и училиштето, намален контакт со родителот и со фамилијата на родителот со кој што не живее детето, економската состојба на родителот, како и самиот развод.

Бидејќи последиците од краткорочен карактер најчесто исчезнуваат во период до две години, за потврдување на оваа хипотеза ќе се анализираат само одговорите на оние родители кои се разведени повеќе од три години.

Периодот од три години е доволен за децата да можат да се навикнат на разводот на нивните родители и на новонастанатата состојба, веќе имаат стекнати нови навики или се вратени на старите вредности и животен ритам.

Во оваа анализа учествуваат вкупно196 родители и 294 деца, резултати од оваа анализа се прикажани во графикон број 21.

Графикон број 21.



Од графиконот број 21 јасно се гледа дека бројот на деца кај кои се сеуште застапени последиците од разводот значително се намалени, од тоа заклучуваме дека:

- Бројот на деца кои имаат проблем со адаптација на нов дом се намалил од 161 на 24
- Бројот на деца кои имаат проблем со адаптирање во училиште се намалил од 49 на 11
- Бројот на деца кои имаат намален успех во училиште се намалил од 104 на 37
- Бројот на деца кои имаат променливо расположение се намалил од 276 на 62

Овие резултати покажуваат дека после периодот од три години негативните последици од разводот на бракот значително се намалени со што е потврдено дека Најголемиот број од негативните последици од разводот на брак кај децата се со краткорочен карактер, со што е докажана и хипотезата.

Во досегашната обработка на податоците ги докажав хипотезите кои што беа поставени во истражувањето, нивното докажување не води до потврдување на поставената општа хипотеза која гласи:

- *Децата на разведените родители имаат негативни последици од разводот на брак, и проблем со адаптација*

Од обработката на податоците заклучивме дека децата на разведените родители доживуваат низа потешкотии при адаптирање во новиот дом, новото училиште и градинка, имаат послаб успех на училиште како и често променливо расположение.

Адаптирањето на децата не е единствен проблем, тие доживуваат и многу други емоционални последици кои што беа докажани од дополнителните прашања на кои одговараа родителите во анкетниот лист. Емоционалните последици можат често да останат врежани во текот на целиот нивни живот. Најчести емоционални промени кои што ги навеле родителите се: агресивност, вознемиреност, тага, срам, повлекување кон себе, намалена концентрација, изолираност и вознемиреност.

Во ова истражување се докажа дека нејголемиот број од децата ги надминуваат негативните последици после третата година од разводот, но за жал има и деца кои и после овој период сеуште се соочуваат со последиците од разводот на родителите.

Стручните соработници односно педагозите и психолозите на поставените прашања даваа скоро идентични одговори. Тие наведуваат дека децата неизбежно ќе се соочат со последиците од разводот но интензитетот ќе зависи од тоа колку стресори влијаат врз создавањето на последиците. Стручните соработници се согласуваат дека последиците од разводот најчесто се од краткорочен карактер и дека најчесто се надминуваат во период од три години. Она што стручните соработници често го нагласуваа е дека секое дете различно ќе реагира на разводот на брак но доколку ги опфатиме децата како целина тие најчесто ќе покажат проблеми при адаптирањето како во новиот дома така и во училиште, ќе имаат намален успех во училиште и променливи расположение. Тоа се должи пред се на фактот што самиот развод на родителите е стрес сам по себе и страв од губење на едниот од родителите.

На прашањето „дали девијантното однесување е карактеристично за децата на разведените родители?“ стручните соработници одговорија дека за некое дете да појави девијантно однесување потребно е влијание на повеќе фактори но децата на разведените родители се желни за внимание и токму поради тоа можат да подлегнат на ваквиот начин на однесување.

Децата на разведените родители имаат зголемен проблем со адаптација и социјализација во однос на другите деца кога станува збор за промена на дом и училиште. Тие се често агресивни или повлечени во себе па поради тоа имаат проблем со стекнување на нови пријателства, често имаат намалено поведение и не ги почитуваат правилата за однесување што доведува да бидат одбегнувани од страна на другите деца.

Стручните соработници истакнуваат дека периодот што го поминале децата живеејќи со двајцата свои родители не е важен фактор за тоа дали некое дете ќе појави или не негативни последици од разводот на бракот. За нив многу е поважно колку тоа време било квалитетно поминато.

Доколку бракот бил пропратен со насилство конфликти, нетрпеливост помеѓу родителите кај децата може да се јави дури и чувство на олеснување. Временскиот период на заеднички живот е важен само доколку детето има јасна претстава за брачната состојба на родителите, односно само доколку е сведок на нивните несогласувања и конфликти, но

често пати родителите ја прикриваат вистинската слика за нивниот брак од децата што доведува до чувство на изненаденост од одлуката за развод кај децата.

ЗАКЛУЧОК

Она што беше проблем за истражување е насловот на оваа магистерска теза односно негативните последици на разводот на брак врз децата, односно што се случува со децата по разводот на брак на родителите. разводот на брак во најголемиот број случаи ќе донесе профит за родителите, но оние кои ќе ја носат загубата се сигурно децата. Знаејќи дека разводот на брак се уште е тема за која многу малку се зборува кај нас, последиците со кои се соочуваат децата после распадот на семејството се уште поголем проблем кој уште помалку се зборува и истражува. Тука стои и фактот дека зад поголемиот број на семејства кои што се распаднале стои барем по едно дете, кое треба да се научи да се носи со новонастанатата ситуација, поминувајќи низ долг процес на промени и потешкотии кои можат да влијаат на целиот негов живот.

Негативните последици од разводот врз децата се тема на многу мал односно скоро воопшто и да нема истражување кое го покрива овој проблем, што дава дополнителен мотив за спроведување на вакво истражување.

Во овој труд, односно во неговиот прв дел се извршени дефинирања како на поими за семејство така и на разводот, изнесени се статистички податоци за бројот на разводи како кај нас така и пошироко, како и наведување на причините кои што доведуваат до се поголем број на разводи, наведени се и последиците од разводот кои што се докажани со други истражувања. Во вториот дел направена е анализа и обработка на податоците кои што се добиени од страна на разведените родители кои даваа одговори во анкетниот лист, и интерпретација на одговорите кои даваат стручните соработници учесници во ова истражување.

Целта на ова истражување е да им се помогне на родителите, на стручните лица, како и на сите оние кои што работат со деца, да им послужи за информирање за она што можат да очекуваат од децата на разведените родители, како и со последиците со кои тие се носат. Сите инволвирани личности кои учествуваат во развојот на личноста на детето како што се родителите, роднините, пријателите , старателите, учителите, воспитувачите , треба да знаат за стресот кој што го доживуваат децата за време и после разводот на родителите.

Сите овие лица треба да имаат основни предзнаења за последиците кои што можат да ги сносат децата од разводот на родителите, како и да се запознаат со основните техники со кои можат да се послужат со цел да му помогнат н а детето да го помине овој период што е можно полесно, за последиците да останат со краткорочен карактер.

За навремена интервенција стручните соработници нагласуваат дека клучен фактор е нивната навремена информираност за разводот на брак на родителите, како би можеле навремено да ги препознаат и да реагираат на симптомите кои што се очекувани кај овие деца.

Од добиените одговори, односно од резултатите во истражувањето забележуваме дека многу мал број од децата после разводот на родителите поминуваат заедничко време со двајцата свои родители, и дека најголемиот број од родителите самостојно ги донесуваат одлуките за понатамошното одгледување и воспитување на детето. Она што родителите треба да го разберат и знаат е дека нивната родителска улога не завршува со разводот на бракот, напротив тие мора да функционираат и соработуваат заедно како би се намалиле или би се намалил интензитетот на негативните последици од разводот на брак кај децата.

Често пати партнерите во напливот на проблеми во брачните води забораваат или не сакаат да побараат стручна помош, што дополнително ја влошува ситуацијата во бракот, и со самото тоа наместо решение тие единствен излез бараат во разводот на брак.

Децата често пати се сведоци на овие недорабирања, конфликти, па дури и насилства помеѓу родителите, што воопшто не е добар пример, добра слика, и добра средина за растење на едно дете. Од тука за добробитот на детето, посебно доколку и самото дете било жртва во ваквиот брак , со доаѓањето на разводот доаѓа и олеснување, односно разводот е решение за проблемите и стресовите кои што тоа дете ги доживувало.

Со ова можеме да потврдиме дека „ добриот развод е подобар од лошиот брак“.

Без разлика која била причината за разводот на родителите, дали тоа бил бракот без љубов, насилството и конфликтите помеѓу партнерите, мешањето на трети лица во брачната заедница, треба постојано да се има на ум дека за едно дете да порасне во

целосно здрава личност потребно е тоа дете да расте со љубовта, грижата, и поддршката од двајцата свои родители.

Родителите не смеат да заборават дека со разводот на бракот не завршува нивната улога да бидат родители, напротив во овој период тие му се најпотребни на своите деца. Родителите треба да останат партнери кога се во прашање интересите на нивните деца, и не смеат да се користат со манипулации, меѓусебни навреди, и конфликти пред децата, бидејќи каков и да бил нивниот брак и развод, децата имаат право да растат со двајцата свои родители. Родителите не смеат да дозволат нивните деца да станат несреќни на сметка на нивниот среќен развод.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Alain Touraine, Critique de la moder- nité,Fayard, Paris, 1992, стр. 329.

2. Amato, P. R. (1993). Children's adjustment to divorce: Theories, hypotheses, and empirical support. Journal of Marriage and the Family, 55 (1), стр .23 - 38.

3. Amato, P. R. (2001). Children of divorce in the 1990s: An update of the Amato and Keith (1991) meta-analysis. Journal of Family Psychology, 15(3), 355-370.

4. Andrew J. Cherlin, American Marriage in the Early Twenty – First Century, Future of Children, Vol. 15, No. 2, Fall 2005, стр. 41

5. Ahrons, C.R. (1981). The continuing coparental relationship between divorced spouses. American Journal of Orthopsychiatry, 51(3), 415-428.

6. Babalis, Th. (2011). Children of single-parent families: Helping in school adaptation.

7. Babalis, Th. (2013). Dimensions of social exclusion and poverty among single-parent families in Greece. In D. Daskalakis (Eds.), The Social Sciences and the Current Crisis (pp. 459-489).

8. Babalis, Th., Tsoli, K., & Tsinarelis, G. (2011). Parents' divorce and adjustment of preschool children in kindergarten. Proceedings of the European Conference OMEP 2011 on Perspectives on Creativity and Learning in Early Childhood.

9. Babalis, Th., Xanthakou, Y., Papa, C., & Tsolou, O. (2011). Preschool age children, divorce and adjustment: A case study in Greek kindergarten. Electronic Journal of Research in Educational Psychology, 9, 1403-1426.

10. Baker, A.J.L. (2018). Reliability and validity of the four-factor model of parental alienation. *Journal of Family Therapy, 42*(1), 100-118

11. Bougioukos, G. (2011). The effects of economic crisis on children and their rights. In D. Daskalakis, & M. Gkivalos (Eds.), Childhood and Children's Rights (p. 130).

12. Buchanan, C.M., Maccoby, E.E. i Dornbusch, S.M. (1996). Adolescents after divorce. Cambridge, MA: Harvard University Press.

13. Buljan Flander, G., Jelić Tuščić, S. i Matešković, D. (2014). Visokokonfliktni razvodi: djeca u središtu sukoba. U: Brajša-Žganec, A., Lopižić, J. i Penezić, Z. (Ur.), Psihološki aspekti suvremene obitelji, braka i partnerstva (str. 375-394). Jastrebarsko: Naklada Slap i Hrvatsko psihološko društvo.

14. Bernadette Bawin – Legros, Families in Europe: A Private and Political Stake – Intimacy and Solidarity, Current So- ciology, Vol 49 (5) 2001, стр. 50. 8 Gilles Lipovetsky, L'ère du vide, Essais sur l'individualisme contemporain, Gallimard, Paris, 1997, стр. 187.

15. Bhrolchain, M. N. ´ (2013). 'Divorce Effects' and Causality in the Social Sciences. European Sociological Review, 17 (1), 33–57.

16. Caceres-Delpiano, J. ´ and Giolito, E. P. (2012). How Unilateral Divorce Affects Children. Journal of Labor Economics, 30 (1), 215–248.

17. Cameron, A. C. and Trivedi, P. K. (2013). Regression Analysis of Count Data. Cambridge University Press, 2nd edn.

18. Chen, Y. and Liu, J. (2014). Less Parental Resources, Less Possibility to go to College? Effects of Parental Divorce and Job Loss on Child Education ess Parental Resources, Less Possibility to go to College? Effects of Parental Divorce and Job Loss on Child Education. Unpublished mansucript, National Chi Nan University, Taiwan.

19. Cherlin, A. J. (1992). Marriage, Divorce, Remarriage. Cambridge, London: Harvard University Press.

20. Cui, M., Fincham, F.D. i Durtschi, J.A. (2010). The effect of parental divorce on young adults' romantic relationship dissolution: What makes a difference? Personal Relationships, 18(3), 410-426.

21. Chase-Lansdale, P.L., Cherlin, A.J. i Kiernan, K.E. (1995). The long-term effects of parental divorce on the mental health of young adults: A developmental perspective. Child Development, 66(6), 1614-1634.

22. Deater-Deckard, K. & Dunn, J., (1999). Multiple risks and adjustment of young children growing up in different family settings, in M. E. Hetherington (Ed.), Coping with divorce, single parenting and remarriage, NJ. Lawrence Erlbaum.

23. Demajo, V. (1955). Zastita Dece u odnosu na porodicu: Neka Zapazanja o deci iz razvedenog braka. Savet Drustava za staranje o deci i omladini Jugoslavije, Beograd.

24. Guttmann, J. (1993). Divorce in psychosocial perspective: Theory and research. New Jersey: Hillsdale.
25. Goubau, Dominique, Divorce Reform and the Joint Exercise of Parental Authority , The Quebec Civil Law Perspective, 2000, www.justice.gc.ca

26. Fabricius, W.V. (2003). Slušanje djece razvedenih: Nova saznanja koja se razlikuju od Wallerstein, Lewis i Blakeslee. Family Relations, 52(4), 385-396.

27. Fabricius, W.V. i Hall, J.A. (2000). Young adults' perspectives on divorce: Living arrangements. Family Court Review, 38(4), 446-461.

28. Fine, M. A. (2000). Divorce and Single Parenting. U: Hendrick, C. i Hendrick, S. (Ur.), Close Relationships: A Sourcebook (str. 140-152). Thousand Oaks: SAGE Publications, Inc.

29. Flugel, J.C. (1926). The Psycho-analytic Study of the Family. London.

30. Forsstrom-Cohen, B. & Rosenbaum, A., (1985) The effects of parental marital violence on young adults: an exploratory investigation', Journal of Marriage and the Family.

31. Frimmel, W., Halla, M. and Winter-Ebmer, R. (2013). Assortative Mating and Divorce: Evidence from Austrian Register Data. Journal of the Royal Statistical Society: Series A, 176 (4), 907–929.

32. Goldstein, J., Freud, A. & Solnit, J. A. (1973). Beyond the best Interests of the Child. New York: Free Press.

33. Kasen, S., Cohen, P., Brook, J. S. (1996). A multiple-risk interaction model: Effects of temperament and divorce on psychiatric disorders in children. Journal of Abnormal Child Psychology, 24(2), 121 - 150.

34. Kagan J., (1999). The Role of Parents in Children's Psychological Development . Harvard University, Cambridge, Massachusetts.

35. Kelly J. B., Emery R. E. (2003) Children's Adjustment Following Divorce: Risk and Resilience Perspectives: Family Relations, Vol. 52, No. 4 (Oct., 2003), pp. 352-362

36. Koutrouba, K., Antonopoulou, K., & Babalis, Th. (2010). Parental involvement in secondary education schools: The views of parents in Greece. Educational Studies, 33, 1465-3200

37. Kolesarić, V., Krizmanić, M., i Petz, B. (1991). Uvod u psihologiju: suvremena znanstvena i primijenjena psihologija. Bjelovar: Prosvjeta.

38. Kurdek, L.A. i Berg, B. (1987). Children's beliefs about parental divorce scale: Psychometric characteristics and concurrent validity. Journal of Consulting and Clinical Psychology, 55(5), 712-718.

39. Lauer, R. H. i Lauer, J. C. (1994). Separation and divorce. U Marriage and family: The quest for intimacy. Wisconsin, Iowa: Browni Benchmark.

40. Lynn Jamieson, Intimacy, Personal Relationships in Modern Societies, Polity Press,Cambridge, 1998, стр. 35.

41. Manski, C. F. (2013). Public Policy in an Uncertain World: Analysis and Decisions. Harvard: Harvard University Press.

42. Mazur, E. (1993) Developmental differences in children´s understanding ofmarriage, divorce and remarriage. Journal of Applied Developmental Psychology, 14, 191-212.

43. Matouschek, N. and Rasul, I. (2008). The Economics of the Marriage Contract: Theories and Evidence. Journal of Law and Economics, 51 (1), 59–110.

44. McKinnish, T. G. (2004). Occupation, Sex-Integration, and Divorce. American Economic Review, Papers and Proceedings, 94 (2), 322–325.

45. McKinnish, T. G. (2007). Sexually Integrated Workplaces and Divorce: Another Form of On-the-Job Search. Journal of Human Resources, 42 (2), 331–352.

46. McLanahan, S., Tach, L. and Schneider, D. (2013). The Causal Effects of Father Absence. Annual Review of Sociology, 39, 399–427

47. Neal, J. H. (1983) Children´s understaning of their parent´s divce,U L. A. Kurdeck (ed), Children and divorce (str. 3-14) San Francisco: Jossey Bass.

48. Palosaari, U. i Aro, H. (1994). Effect of timing of parental divorce on the vulnerability of children to depression in young adulthood. Adolescence, 29 (115), 681 - 690.

49. Piketty, T. (2003). The Impact of Divorce on School Performance: Evidence from France, 1968–2002. Discussion Paper 4146, Centre for Economic Policy Research, London

50. Pliogkou, V. (2011). Which factors affect the education of children of single-parent families? From the perspective of lone parents. In proceedings of the 1st Panhellenic Conference of single-parent families on Single-parent families in modern society (pp. 72-92). Alexandroupoli: Association of single parents in the prefecture of Evros " Support".

51. Pruett, M. K. Williams, T. Y., Insabella, G., i Little, T. D., (2003) Family and legal indicaors of child adjusment to divrce among families with young children, Journal of Family psychology, 17, 169-180.

52. Pjurkovska-Petrović, K. (1990). Dete u nepotpunoj porodici. Beograd: Prosveta.

53. Runyon, N. i Jackson, P. L. (1987/1988). Divorce: Its Impact on Children. Perspectives in psychiatric care, 24(3-4), 101-105.

54. Sandler, I., Wolchik, S. i Braver, S. (1991). Stability and quality of life events and psychological symptomatology in children of divorce. American Journal of Community Psychology, 19(4), 501-520.

55. Solomon, J. i George, C., (1999). The development of attachment in separated and divorced families: Effects of overnight visitations, parent and couple variables, Attachment and Human development, I, 2-33.

56. Spruijt, E., & Duindam, V. (2010). Problem behavior of boys and young men after parental divorce in the Netherlands. Journal of Divorce and Remarriage, 43(3), 141–155

57. Stevenson, B. (2007). The Impact of Divorce Laws on Marriage-Specific Capital. Journal of Labor Economics, 25 (1), 75–94.

58. Strong, B. i Cohen, T.F. (2013). The Marriage and Family Experience: Intimate Relationships in a Changing Society. Belmont: Cengage Learning.

59. Svarer, M. (2007). Working Late: Do Workplace Sex Ratios Affect Partnership Formation and Dissolution? Journal of Human Resources, 42 (3), 582–595.

60. Terza, J. V., Basu, A. and Rathouz, P. (2008). Two-Stage Residual Inclusion Estimation: Addressing Endogeneity in Health Econometric Modeling. Journal of Health Economics, 27 (3), 531–543.

61. Uwaifo, V. O. (2012). The effects of family structure on the academic performance of Nigerian university students. Global Journal of Human Social Science, 12, 53-56.

62. Halla, M. (2013). The Effect of Joint Custody on Family Outcome. Journal of the European Economic Association, 11 (2), 278–315.

63. Hetherington, E. M., Cox, M. i Cox, R. (1985). Long-term effects of divorce and remarriage on the adjustment of children. Journal of the American Academy of Child Psychiatry, 24 (5), 518-530.

64. Hetherington, E. M., Cox, M. i Cox, R. (1979). Play and social interaction in children following divorce. Journal of Social Issues, 35 (4), 26 - 49.

65. Hodges, W. F., Tierney, C. W., i Bushbaum H. K. (1984) The cumulative effects of stress on preschool children of divorce and intact famlies. Journal of Marriage and family, 46, 611-617.

66. Čudina-Obradović, M. i Obradović, J. (2006). Psihologija braka i obitelji. Zagreb: Golden marketing-Tehnička knjiga.

67. Čavarović-Gabor, B. (2008). Razvod braka roditelja i simptomi traume kod djece. Ljetopis socijalnog rada 2008., 15(1), стр 69-91.

68. Wallerstein, J. S. (2003). What about the kids? Raising your children before, during and after divorce. New York: Hyperion Press.

69. Webb, N. B. (2003). Children in divorcing and reconstituted families. U Socal work pratcice with children. New York, London: The Guilford press.

70. Wolfers, J. (2006). Did Unilateral Divorce Laws Raise Divorce Rates? A Reconciliation and New Results. American Economic Review, 96 (5), 1802–1820.

71. Wolfinger, N. H. (2011). More evidence for trends in the intergenerational transmission of divorce: A completed cohort approach using data from the general social survey. Demography, 48(2), 581–592.

72. Wooldridge, J. (2010). Econometric Analysis of Cross Section and Panel Data. The MIT Press, 2nd edn.

73. Zweimuller, J. ¨ , Winter-Ebmer, R., Lalive, R., Kuhn, A., Wuellrich, J., Ruf, O. and Buchi, S. ¨ (2009). The Austrian Social Security Database (ASSD). Working Paper 0901, The Austrian Center for Labor Economics and the Analysis of the Welfare State, University of Linz.

Правни извори на семејното право:

1. Уставот на РМ
2. Закон за семејство (Службен весник на Р.М бр 153/14).
3. Закон за матичната евиденција, „Сл. весник на Р. Македонија“ бр. 8 од 15. II. 1995;
4. Закон за личното име, „Сл. весник на Р. Македонија“ бр. 8 од 15. II. 1995;

Интернет ресурси:

1. Државен завод за статистика http://www.stat.gov.mk (2016)
2. ec.europa.eu/eurostat (2016)
3. Министерство за труд и социјална политика http://mtsp.gov.mk

1. Прилози

Прилог бр.1

Анкетен лист

(за родителот)

Факултет за психологија

Психологија во социјална заштита

Меѓународен славјански универзитет-Свети Николе Битола, 2025

Почитувани

Овој анкетен лист е составен од прашања кои се однесуваат на Вас и вашите деца како и на вашите искуства од разводот на брак.

Целта на анкетирањето е да се согледаат вашите искуства со разводот, односно да се согледаат негативните последици од разводот на брак со цел да им се помогне на родителите, стручните лица и служби во обавувањето на својата работа.

Ве замолувам на прашањата во анкетниот лист да давате точни одговори со заокружување и дополнување доколку тоа е побарано.

Анкетирањето е анонимно и има научно истражувачка цел.

Прилог бр.2

Протокол (за стручните лица)

Факултет за психологија

Психологија во социјална заштита

Меѓународен славјански универзитет-Свети Николе Битола, 2025

Почитувани

„Негативните последици од разводот на брак врз децата„ се предмет на истражување.

Целта на ова истражување е да се докажат негативните последици кои ги предизвикува разводот на брак на родителите.

Вашите искуства се важни при спроведувањето на ова истражување, со цел да Ви се помогне Вам во спроведувањето на вашата работа, како и на разведените родителите .

Во протоколот за интервју Ве замолувам да одговорите точно со давање на опширни одговори засновани на Вашето искуство и знаење.

Анкетен лист

Општи податоци

1. Пол на родителот:

а) машки

б) женски

2. Колку деца имате со поранешниот партнер?

.....

3. Каков пол се Вашите деца?

а) машки

б) женски

в) машки и женски

4. Во каков работен однос сте?

а) вработен

б) невработен

5. Каков животен стандард сметате дека имате?

а) богати

б) сиромашни

в) просечно ситуирани

г) не можам да проценам

6. Колку долго траеше вашиот брак?

А) .....години.

7. На која возраст беа Вашите деца за време на бракоразводната постапка?

.....

8. Колку време сте разведени?

---

9. Дали одлуките за одгледување и воспитување на вашите деца ги носите заедно со вашиот поранешен партнер?

А) да

Б) не

10. Дали вашите деца при адаптација во новиот дом имаа некои потешкотии?

(на прашањето одговарате само доколку сте имале промена на домот)

Доколку одговорот е потврден заокружете некои од симптомите кои ги препознавте кај вашето дете.

а) Да

б) Не

- Тага
- Агресивност
- Несоница
- Осаменост
- Лутина
- Неприфаќање на врсниците
- Повлеченост кон себе
- Молба да се вратат во стариот дом
- Неприфаќање на новата околината

11. Дали вашите деца при промена на училиштето имаа потешкотии во адаптацијата? (заокружи доколку препознавате некои од симптомите кои ги имало вашето дете при промена на училиште)

а) Да

б) Не

- агресивност
- непочитување на соучениците и наставниците
- непочитување на правилата на училиштето
- одбивање да одат на училиште
- неоправдани одсуства од часови
- девијантно однесување
- одбивање на воннаставни активности

12. Дали вашите деца имаа намален успех во училиште по разводот?

а) Да

б) Не

13. Дали забележавте промени во расположението кај вашите деца по разводот?

а) Да

б) Не

(заокружи доколку препознавате некои од симптомите кои ги имало Вашето дете, или дополнете)

- Бес
- Тага
- Фрустрираност
- Лутина
- сабеповлекување
- депресивност
- агресивност
- анксиозност

13. Колку заедничко време поминувате заедно со вашите деца и поранешниот партнер?

а) често

б) многу ретко

в) понекогаш

г) никогаш

14. Колку често Вашите деца контактираат со поблиските членови на фамилијата на поранешниот партнер?

а) исто како и пред разводот

б) ретко

в) многу ретко

г) никогаш

Протокол за интервју

1. Дали според Вашите искуства намалениот успех во училиште се должи на разводот со родителите?
2. Дали според Вашите искуства потешкоти со адаптацијата и социјализација се нагласени кај децата на разведените родители?
3. Дали според Вашите искуства разводот на родителите е причина за појава на девијантно однесување?
4. Колку економската состојба на родителот со кој што живее родителот влијае врз понатамошниот развој на детето?
5. Дали последиците од разводот се поврзани времето поминато во брак ?